# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ЗЕЛС
BNJVL

Мај/Јуни 2021
Maj/Qershor 2021



ЗЕЛС
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BNJVL
BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

Поради сè уште непредвидливата епидемиолошка слика со коронавирусот, поголемиот дел од активностите на ЗЕЛС во мај, па и во јуни, беа организирани онлајн, но дел и со физичко присуство и запазување на предвидените мерки за заштита. Така, на 27 мај 2021 година, Управниот одбор на ЗЕЛС ја одржа седумнаесеттата седница по електронски пат, на која беа усвоени завршните предлог-извештаи за финансиското работење и за реализацијата на активностите на ЗЕЛС во 2020 година. Присутните дискутираа и за други актуелни прашања, меѓу кои и за дополнетиот Предлог-закон за постапување со бесправно изградени објекти, како и за имплементирањето на најновата измена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

По осумнаесетмесечна пауза, беше одржан и работен состанок на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на региони на Европската Унија. Средбата беше организирана онлајн и на неа присуствуваа градоначалници и советници од нашата земја и од земјите членки на Европската Унија, делегати на ова тело. Присутните дискутираа на две теми, од кои првата е постојана „Пристапниот процес на нашата земја кон европското семејство", а втората е темата „Патеки за одржливо локално закрепнување од пандемијата со КОВИД-19".

Во рамките на континуираната заложба за поддршка на своите членки во реализацијата на активности што во фокусот ја имаат примената на обновливи извори на енергија и заштеда на енергија, ЗЕЛС, во соработка со Македонската секција на Меѓународниот центар за енергетски, водни и околински системи (SDEWES-Skopje) организираше онлајн Енергетски самит. Претставници од општините, членови на Мрежата за енергетика и енергетска ефикасност во рамките на ЗЕЛС, заедно со претставници од невладиниот сектор и експерти од оваа област дискутираа за целите на Европскиот зелен договор, за Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан, усвоен на 6 октомври 2020 година од Европската комисија и за имплементирање на овие заложби на локално ниво.

Во периодот од 15 јуни до 24 јуни 2021 година, ЗЕЛС реализираше работилници со физичко присуство - „Локализирање на Целите за одржлив развој и принципот „Никој да не биде изоставен" во општините: Струмица, Шуто Оризари, Битола и Кочани. Со физичко присуство, во просториите на ЗЕЛС беше одржана и обука „Локализација на Националниот акциски план (НАП) за имплементација на Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН, 1325: Жените, мирот и безбедноста" а имајќи го предвид одржувањето на претстојните локални избори, во октомври, оваа година, УНДП и ЗЕЛС организираа работилница на тема „Говорот на омраза во предизборниот период низ призмата на родовата еднаквост и меѓуетничките односи". За сите овие активности може повеќе да прочитате во ова издание на Гласилото на ЗЕЛС.

Со почит,

**Душица Перишиќ,**
*Извршен директор на ЗЕЛС*

Të nderuar,

Për shkak të pasqyrës së paparashikuar epidemiologjike me korona virusin, pjesa më e madhe e aktiviteteve të BNJVL-së, në muajin maj, e deri më qershor, u organizuan online, por një pjesë edhe me prezencë fizike dhe marrjen parasysh të masave për mbrojtje. Kështu, më 27 maj, 2021, Bordi drejtues i BNJVL-së mbajti seancën e shtatëmbëdhjetë në mënyrë elektronike në të cilën u miratuan propozim-raportet për punën financiare dhe realizimin e aktiviteteve të BNJVL-së në vitin 2020. Të pranishmit diskutuan edhe mbi çështjet aktuale midis të cilave për Propozim-Ligjin e plotësuar për veprimin me objektet e ndërtuara pa leje për implementimin e ndryshimit më të ri të Ligjit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale.

Pas pauzës tetëmbëdhjetë muajshe, u mbajt edhe mbledhje punuese e Komitetit të përbashkët konsultativ midis Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Komitetit të rajoneve të Bashkimit Evropian (KPK). Takimi u organizua online dhe në të morrën pjesë kryetarët e komunave dhe këshilltarët nga vendi jonë dhe vendet e Bashkimit Evropian, delegatë të këtij trupi. Të pranishmit diskutuan në këto tema, prej të cilave e para është e përhershme „Procesi aderues i vendit tonë ndaj familjes evropiane" ndërsa e dyta ka të bëjë me temën „Rrugët për përtëritjen e qëndrueshme lokale nga pandemia KOVID -19 ".

Në kuadër të përpjekjes së vazhdueshme për përkrahjen e anëtareve të saj në realizimin e aktiviteteve që në fokus kanë zbatimin e burimeve përtëritëse të energjisë dhe kursimit të energjisë, BNJVL në bashkëpunim me seksionin e Maqedonisë për Qendrën ndërkombëtare për energjetikë, sisteme të ujit dhe sisteme periferike (SDEWES-Skopje) organizoi online „Samit energjetik". Përfaqësuesit e komunave, anëtarët e Rrjetit për energjetikë dhe efikasitet energjetik në kuadër të BNJVL-së, së bashku me përfaqësuesit e sektorit joqeveritar dhe ekspertët nga kjo lëmi diskutuan për qëllimet e Marrëveshjes së Gjelbër Evropiane, për Planin i ekonomik dhe investues për Ballkanin Perëndimor, të miratuar më 6 tetor, 2020, nga Komisioni Evropian dhe për implementimin e këtyre përpjekjeve në nivel lokal.

Në periudhën prej 15 qershori deri më 24 qershor, 2021, BNJVL realizoi punëtori me prezencë fizike - „Lokalizimi i Qëllimeve për zhvillim të qëndrueshëm dhe parimi „Askush të mos ngelet i anashkaluar" në komunat Strumicë, Shuto Orizare, Manastir dhe Koçanë. Me prani fizike në hapësirat e BNJVL-së u mbajt trajnim „Lokalizimi i Planit aksional nacional (PNA) për implementimin e Rezolutës së Këshillit të sigurisë të KB 1325: Femrat, paqja dhe siguria" duke pasur parasysh, mbajtjen e zgjedhjeve të ardhshme lokale, në tetor të këtij viti, UNDP dhe BNJVL organizuan punëtori me temë „Gjuha e urrejtjes në periudhën parazgjedhore përmes prizmës së barazisë gjinore dhe marrëdhënieve ndëretnike" për të gjitha këto aktivitete mund të lexoni në këtë botim të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

**Dushica Perishiq,**
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## СО АКТИВНО УЧЕСТВО НА СИТЕ СТРУКТУРИ ОД ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ДО КВАЛИТЕТНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВИТЕ ПОЛИТИКИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТ

„Родовите концепти и родовото одговорно буџетирање“ беше темата на еднодневната онлајн обука што на 6 мај 2021 година, ја организираше ЗЕЛС за секретарите, за вработените во секторите или одделенијата за финансии, како и за лицата за односи со јавноста од општините. Целта беше што поголем број вработени, од сите организациски структури во општината (по хоризонтала и по вертикала, во согласност со систематизацијата на работните места) да се запознаат со родовите прашања и на тој начин да дадат покомплексен придонес при утврдувањето на потребите на жените и на мажите во заедницата и придонес во насочувањето на соодветни финансиски средства за реализација на утврдените приоритети од оваа област. Обуката беше реализирана во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за родови политики и родово одговорен буџет“, што ја реализира ЗЕЛС со поддршка на UN Women, Скопје.

Присутните беа запознаени со законската рамка во која се регулираат родовите прашања за национално и за локално ниво. Потоа, беа посочени алатките што општините може да ги користат во унапредувањето на родовата еднаквост, а се говореше и за актуелните состојби и предизвици со кои се соочува локалната власт и координаторите за еднакви можности во општините. Посебно внимание беше посветено на начинот на инкорпорирање на родовиот аспект при креирањето на општинските програми и на утврдувањето на соодветните мерки и активности. Беше посочено на неопходноста од обезбедување на претходна анализа на потребите на жените и мажите и поставување на индикатори за постигнување на поставените резултати, а потоа и за нивно правилно мерење. Преку презентирање на практични примери, во кои активно се вклучија и присутните, беше доловена неопходноста од постигнување на заемна соработка на вработените во една општина, од сите нивоа, при креирањето на општинските програми во кои се инкорпорираат активности за родова еднаквост .

## ME PJESËMARRJE AKTIVE TË TË GJITHA STRUKTURAVE NGA ADMINISTRATA KOMUNALE DREJT AVANCIMIT TË POLITIKAVE GJINORE DHE SIGURIMIN E BUXHETIT PËRGJEGJËS PËR BARAZI GJINORE

,,Konceptet gjinore dhe buxhetimi përgjegjës për barazi gjinore” ishte tema e trajnimit njëditor online që më 6 maj, 2021, e organizoi BNJVL me sekretarët, për të punësuarit në sektorët ose seksionet për financa, si dhe për personat për marrëdhënie me publikun nga komunat. Qëllimi ishte që një numër më i madh, nga të gjitha strukturat organizative në komunë (në bazë horizontale dhe vertikale, konform sistematizimit të vendeve të punës) të informohen me çështjet gjinore dhe në mënyrë të tillë të japin kontribut më kompleks mbi përcaktimin e nevojave të femrave dhe meshkujve në bashkësi dhe kontribut në drejtimin e mjeteve adekuate financiare për realizimin e prioriteteve të përcaktuara nga kjo lëmi. Trajnimi u realizua në kuadër të projektit ,,Drejt komunave përgjegjëseje për barazi gjinore: përforcim i kapaciteteve komunale për politikat gjinore dhe buxhetim përgjegjës për barazi gjinore”, që e realizoi BNJVL me përkrahjen e UN Women, Shkup.

Pjesëmarrësit u njohën me kornizën ligjore që rregullon çështjet gjinore në nivelin nacional dhe lokal. Pastaj, u theksuan veglat që komunat mund të përdorin në promovimin e barazisë gjinore, dhe diskutuan mbi gjendjet aktuale dhe sfidat me të cilat përballet pushteti lokal dhe koordinatorët për mundësi të barabarta në komuna. Vëmendje e veçantë i'u kushtua mënyrës së përfshirjes së një aspekti gjinor në krijimin e programeve komunale dhe përcaktimit të masave dhe aktiviteteve të përshtatshme. U theksua domosdoshmëria e sigurimit të një analize paraprake të nevojave të femrave dhe meshkujve dhe vendosja e treguesve për arritjen e rezultateve të përcaktuara dhe më pas për matjen e duhur të tyre. Përmes prezantimit të shembujve praktikë, në të cilët të pranishmit ishin të përfshirë në mënyrë aktive, u kap nevoja e arritjes së bashkëpunimit të ndërsjellë të të punësuarve komunalë, nga të gjitha nivelet, në krijimin e programeve komunale që përfshijnë aktivitete të barazisë gjinore.



На обуката беа презентирани и резултатите од истражувањето направено од експерти и тимот на UN Women, за влијанието на КОВИД-19 врз начинот на работа на општините и потребата од адаптација околу реализирањето на активности од родова еднаквост.

Në trajnim u prezantuan edhe rezultatet nga hulumtimi i realizuar nga ana e ekipit të ekspertëve të UN Women, lidhur me ndikimin e KOVID -19 mbi mënyrën e punës së komunave dhe nevoja e adaptimit, në pjesën e realizimit të aktiviteteve për barazi gjinore.

## УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ДИСКУТИРАШЕ ЗА НИЗА ПРЕДИЗВИЦИ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

Управниот одбор на ЗЕЛС, на 27 мај 2021 година, ја одржа седумнаесеттата седница на која беа усвоени завршните предлог-извештаи за финансиското работење и за реализацијата на активностите на ЗЕЛС во 2020 година. На дневен ред за дискусија беа ставени и други прашања, како дополнетиот Предлог-закон за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти; иницијативи доставени од неколку општини и барање од АДКОМ во врска со работата на јавните комунални претпријатија. Седницата се водеше по електронски пат, преку користење на софтверска платформа достапна на интернет, во согласност со измените во Статутот на ЗЕЛС. Поради сè уште непредвидливата епидемиолошка слика со пандемијата со коронавирусот, членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС одлучија и осмата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС да се одржи, исто така, преку електронска апликација, на 29 јуни 2021 година, со почеток во 11:00 часот.

### Усвоени се предлог-извештаите за финансиското работење на ЗЕЛС и за реализацијата на активностите за 2020 година

На оваа седница, едногласно беа усвоени Предлог-завршната сметка на ЗЕЛС и Извештајот на независната ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС за 2020 година, како и Предлог-извештајот за работата на ЗЕЛС за истиот период. Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, ја презентираше приходната страна на Буџетот на ЗЕЛС за 2020 година од собрана членарина од општините; приходи од извршени услуги и приходи од проекти, а говореше и за реализираните расходи за спроведувањето на утврдените активности на ЗЕЛС за претходната година. Беше посочено дека Заедницата брзо се приспособи на предизвиците што ги предизвика пандемијата со КОВИД-19 и своите активности, онаму каде што тоа беше возможно, ги спроведуваше преку користење на онлајн алатките и електронските платформи за комуникација. На оваа седница, присутните го усвоија и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на ЗЕЛС за 2021 година и измената на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2021 година.

### Опсежна дискусија за дополнетиот Предлог-закон за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти

На седницата се водеше и опсежна дискусија за дополнетиот Предлог-закон за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти. Претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, информираше дека Указот за објавување на Законот не е донесен од претседателот на Републиката и дека текстот на Законот е вратен во повторна собраниска постапка на разгледување на примените забелешки. Тој посочи дека треба да се има предвид дека станува збор за два посебни закона, и тоа еден со кој ќе се продолжи рокот на завршување на започнатите постапки и вториот закон, со кој се утврдуваат нови услови и нови рокови за градбите.

Присутните нагласија дека со легализацијата на дивоградбите се врши обеправување на граѓаните кои редовно плаќале надоместок за уредување на градежното

## BORDI DREJTUES I BNJVL-SË DISKUTOI LIDHUR ME NJË VARG SFIDASH TË PUSHTETEVE LOKALE

Bordi drejtues i BNJVL-së më 27 maj, 2021, mbajti seancën e shtatëmbëdhjetë në të cilën u miratuan propozim-raportet përfundimtare për punën financiare dhe për realizimin e aktiviteteve të BNJVL-së në vitin 2020. Në rend dite për diskutim u vendosën edhe një varg çështje tera, si plotësimi i Propozim-Ligjit për përcaktimin e statusit juridik të ndërtimeve të ndërtuara pa leje; iniciativat e parashtruara nga disa komuna dhe kërkesa nga ADKOM lidhur me punën e ndërmarrjeve komunale. Seanca u realizua në mënyrë elektronike përmes shfrytëzimit të platformës softuerike të arritshme në internet, konform ndryshimeve në Statutin e BNJVL-së. Për shkak të fotografisë së paparashikueshme epidemiologjike me pandeminë me korona virusin, anëtarët e Bordit drejtues të BNJV-së vendosën që seancën e tetë të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së t'a mbajnë në formë elektronike, më 29 qershor, 2021, me fillim në ora 11.00.

### U miratuan propozim-raportet për punën financiare të BNJVL-së dhe për realizimin e aktiviteteve për vitin 2020

Në këtë seancë, unanimisht u miratuan Propozim -Llogaria përfundimtare të BNJVL-së dhe Raporti i shtëpisë së pavarur të auditimit për punën financiare të BNJVL-së për vitin 2020, si dhe Propozim-Raporti për punën e BNJVL-së për të njëjtën periudhë. Drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq prezantoi anën e të hyrave të Buxhetit të BNJVL-së për vitin 2020 nga shuma e mbledhur e anëtarësisë nga komunat; të hyrat nga shërbimet e kryera dhe të hyrat nga projektet, si dhe diskutoi mbi shpenzimet e realizuara për implementimin e aktiviteteve të përcaktuara të BNJVL-së për vitin paraprak. U theksua se Bashkësia u përshtat shpejt me sfidat e shkaktuara nga pandemia KOVID-19 dhe i zhvilloi aktivitetet e saj, kur ishte e mundur, përmes përdorimit të veglave elektronike dhe platformave të komunikimit elektronik. Në këtë seancë, të pranishmit miratuan Propozimin për ndryshimin dhe plotësimin e Buxhetit të BNJVL-së për vitin 2021 dhe ndryshimin e Planit të furnizime publik të BNJVL-së për vitin 2021.

### Diskutim i gjërë lidhur me Propozim-Ligjin për përcaktimin e statusit juridik të objekteve të ndërtuara pa leje

Në seancë u zhvillua edhe diskutim i gjërë lidhur me plotësimin e Propozim-Ligjit për përcaktim të statusit të objekteve të ndërtuara pa leje. Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, informoi se Dekreti për botimin e Ligjit nuk u miratua nga Presidenti i Republikës dhe se teksti i Ligjit u kthye në një procedurë parlamentare për shqyrtimin e vërejtjeve të pranuara. Ai vuri në dukje se duhet të merret parasysh se këto janë dy ligje të ndara, njëri që do të zgjasë afatin për përfundimin e procedurave dhe ligji i dytë që përcakton kushte të reja dhe afate të reja për ndërtimin.

Pjesëmarrësit theksuan se legalizimi i ndërtesave të paligjshme privon qytetarët të cilët rregullisht paguanin kompensim për rregullimin e tokës ndërtimore, në krahasim me ata që ndërtuan në mënyrë të paligjshme dhe më pas paguajnë me një çmim preferencial. Ata vunë në dukje procedurën e dëshmive si çështjen më të rëndësishme dhe prandaj theksuan nevojën për

земјиште, наспроти оние што нелегално граделе и потоа плаќаат по повластена цена. Како најгорливо прашање тие ја посочија доказната постапка, па затоа ја нагласија потребата да се прифатат снимките од Гугл во доказната постапка, бидејќи често на терен состојбите се различни од тоа што е содржано во изјавите дадени пред нотар, од граѓаните чии имоти се предмет на легализација. Градоначалниците посочија дека сателитските снимки досега не се препознаваа како доказ во управната и во судската постапка пред второстепените органи и судови. Беше изнесено и дека второстепениот орган не одлучува мериторно, односно постојано ги враќа предметите на повторно одлучување во општината, како првостепен орган, што создава правна несигурност од аспект дека општината не може да одлучи поинаку од првиот пат, во случаите кога сите околности на предметот се земени предвид.

Генералната заложба беше дека треба да се предложи како доказ да се сметаат и извадоци од сателитски снимки, за што треба да бидат обезбедени, на организиран начин, снимки преку ГИС-платформата. Набавените снимки преку ГИС-софтвер се обновуваат секои две недели и секогаш се добива ажурен преглед. Со воведувањето на овој софтвер на ниво на државата, би се влијаело и врз свеста на граѓаните дека секоја нелегална градба веднаш ќе биде евидентирана. Во однос на случаите кога постои сомнеж дека изјавата е дадена без основа, општините не би требало да легализираат, но би требало да поведат кривична постапка за дадената лажна изјава. Присутните нагласија дека мора да се обрне внимание и на третманот на сообраќајниците, односно објектите изградени на сообраќајници предвидени со планска документација не треба да бидат предмет на легализација, а исто така не треба да се дозволи легализација во национални паркови, на бунари и сите места од јавен интерес. Беше изнесено и одредено стравување дека со новиот закон нема да се постигнат посакуваните ефекти, односно одзивот нема да биде задоволителен, заради што треба да се посвети особено внимание на обезбедување на соодветни услови за активно јакнење на инспекциските служби и на користењето на сателитските снимки. Присутните ја нагласија и потребата да се побара предметите кои сè уште не се завршени да се завршат во определен рок, односно да не се дозволи тие постапки да траат неограничено. Беше посочено со новиот закон да се пропише и прецизен рок за плаќање на надоместокот според донесено решение, заради сегашното искуство кога барателот не го плаќа надоместокот, па постапките застануваат во оваа фаза и може да траат бесконечно.

Управниот одбор на ЗЕЛС по оваа точка донесе повеќе заклучоци, меѓу кои раководството на ЗЕЛС да оствари средба со министерот за транспорт и врски; на средбата да се изнесат веќе претходно доставените барања од ЗЕЛС, како и барањето во двата закона да се утврди дека општината може да го одбие барањето за објектот што е предмет на легализација, доколку

të pranuar regjistrimet nga Google në procedurën e provave, sepse shpesh situata në terren është e ndryshme nga ajo që përmbahet në deklaratat e dhëna para një noteri publik. Kryebashkiakët theksuan se pamjet satelitore deri më tani nuk janë njohur si prova në procedurat administrative dhe gjyqësore para organeve të apelit dhe gjykatave. Wasshtë pohuar gjithashtu se organi i shkallës së dytë nuk vendos për meritat, dmth vazhdimisht i kthen çështjet për vendim të ri në komunë, si organ i shkallës së parë, gjë që krijon pasiguri juridike nga aspekti që komuna nuk mund të vendosë ndryshe nga herën e parë, në rastet kur merren parasysh të gjitha rrethanat e çështjes.

Përpjekja kryesore ishte se është e nevojshme të vazhdohet si dëshmi të konsiderohet fragmente nga incizimet satelitore, për ç’arsye do të sigurohen, në mënyrë të organizuar, incizimet përmes platformës GIS. Incizimet e pajisura përmes GIS përtëriten çdo dy jave dhe çdoherë fitohet pasqyrë e azhurnuar. Me vendosjen e një softueri të këtillë në nivel të shtetit, do të ndikohej mbi vetëdijen e qytetarëve se çdo ndërtim ilegal menjëherë do të evidentohet. Lidhur me rastet kur ekziston dyshim se deklarata është dhënë pa bazë, komunat nuk do të duhej të legalizojnë, por do të duhet të vendosin procedurë penale për dhënien e lajmit të rremë. Të pranishmit përmendën se patjetër duhet t’i kushtohet vëmendje edhe tretmanit të rrugëve në komunikacion, respektivisht objekteve të nderuara në rrugët e parashikuara me dokumentacion planifikues, nuk duhet të jenë lëndë e legalizimit, ndërsa gjithashtu nuk duhet të lejohet legalizimi në parqet nacionale, në puset dhe në vendet me interes publik. U përmend edhe frika se me Ligjin e ri nuk do të arrihet efekti i dëshiruar, domethënë, pjesëmarrja nuk do të jetë e kënaqshme, për shkak të së cilës vëmendje e veçantë duhet t'i kushtohet sigurimit të kushteve të përshtatshme për forcimin aktiv të shërbimeve të inspektimit dhe përdorimit të imazheve satelitore. Pjesëmarrësit gjithashtu theksuan nevojën për të kërkuar që çështjet që nuk kanë përfunduar ende, të përfundojnë brenda një afati të caktuar, dmth të mos lejojë që ato procedura të zgjasin për një kohë të pacaktuar. Me Ligjin e ri u theksua që të përcaktohet një afat i saktë për pagimin e tarifës pas Vendimit të miratuar, për shkak të përvojës aktuale kur aplikanti nuk paguan tarifën, kështu që procedurat ndalojnë në këtë fazë dhe mund të zgjasin për një kohë të pacaktuar.

Bordi drejtues i BNJVL-së për këtë çështje miratoi disa konkluzione, ndër të cilat kryesia e BNJVL-së të ketë një takim me Ministrin për transportit dhe lidhje. Në takim për të paraqitur kërkesat e paraqitura më parë nga BNJVL-ja, si dhe kërkesën në të dy ligjet për të përcaktuar që komuna mund të refuzojë kërkesën për ndërtesë që i nënshtrohet legalizimit, nëse vërtetohet se deklarata është e rreme. Duhet të theksohet gjithashtu se Bordi drejtues i BNJVL-së konsideron se Propozim - Ligji i ndryshuar



се потврди дека изјавата е лажна. Исто така, да се изнесе дека Управниот одбор на ЗЕЛС смета дека со дополнетиот Предлог-закон за постапување со бесправно изградени објекти е потребно дополнително да се уреди доказната постапка, да се води сметка за легализација на инфраструктурата, да се утврди рок на важење на претходниот Закон, да се утврди рок за плаќање на надоместокот, да се води сметка за социјалниот момент и да не се дозволи општа легализација на сите објекти.

## Разгледани се доставените иницијативи и барања

На седницата беа разгледани и неколку иницијативи на општините и барања до Управниот одбор на ЗЕЛС. Во однос на барањето за измени и дополнувања на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и општинска сопственост, Управниот одбор на ЗЕЛС одлучи да не ја прифати инцијативата на Општина Куманово заради задржување на повисок степен на транспарентност на постапките кои претпоставуваат електронско јавно наддавање при располагање со стварите.

Управниот одбор го разгледа и барањето на Општина Ранковце, во кое се посочува дека помалите општини би имале сериозни финансиски предизвици при изработката на планска документација, коишто ќе произлезат од примената на новиот тарифник за изработка на урбанистичко-планска документација. Присутните беа информирани дека тарифникот сѐ уште не е усвоен од Комората на архитекти и инженери, а на кој претходна согласност дава Министерството за транспорт и врски. Во изминатиот период, ЗЕЛС имаше аргументирани преговори со Комората и со Министерството со цел обезбедување на пониски цени на услугите со оглед дека високите тарифи може да се одразат врз буџетите на општините но, и врз бројот на планови кои може да се донесат, што би го запрело развојот. Тарифникот сѐ уште не е донесен и сѐ уште се води расправа за висината на надоместоците.

За поддршка во справувањето со финансиските проблеми на јавните претпријатија до Управниот одбор на ЗЕЛС се обрати Здружението на јавни комунални претпријатија АДКОМ кое достави и список со предлог-мерки. Присутните констатираа дека списокот на сите проблеми со кои се соочуваат јавните претпријатија е огромен и сериозен. Беше посочено дека ЗЕЛС, во претходниот период, до Владата испрати преглед на долговите и состојбата со јавните претпријатија, кои, и покрај сите олеснувања и новиот начин на сервисирање на нивните долгови, не го отплаќаат долгот навремено и ажурно. Управниот одбор даде поддршка на барањата на АДКОМ со предлог тие да бидат земени предвид од надлежните органи при изработка на новите прописи. Исто така, Управниот одбор препорача да се направи обид за рационализација на трошоците и расходите на јавните претпријатија.

## Имплементирање на најновата измена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

На седницата на Управниот одбор се дискутираше и за најновата измена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во согласност со кој општините имаат право заштедените средства од блок дотациите во образованието да ги пренаменат соодветно за потребите на општината, особено како ублажување на финансиската состојба во која се наоѓаат. Генерално е донесен заклучок сите општини да постапат согласно со актуелниот Закон за измена и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, каде што се даде таква можност која ќе важи само за оваа година и општините самостојно треба да одлучат за нивно искористување во постапка пред Советот на општината. Претходно треба да е добиено и мислење од Владата. Присутните беа известени дека Градот Скопје, Општина Куманово и Општина Прилеп веќе ја завршиле оваа постапка во согласност со Законот.

për trajtimin e ndërtesave të ndërtuara në mënyrë të paligjshme duhet të rregullojë më tej procedurën e argumenteve, për të marrë parasysh legalizimin e infrastrukturës, për të përcaktuar periudhën e vlefshmërisë që ligji, të caktohet një afat i fundit për pagesën e tarifës, të merret parasysh momenti shoqëror dhe të mos lejohet legalizimi i përgjithshëm i të gjitha lehtësive.

## U shqyrtuan iniciativat dhe kërkesat e parashtruara

Në seancë u shqyrtuan edhe disa iniciativa të komunave dhe kërkesa e Bordit drejtues të BNJVL-së lidhur me ndryshimet dhe plotësimet e Ligjit për shfrytëzim dhe disponim me sendet në pronësi të shtetit dhe të komunës, Bordi drejtues i BNJVL-së vendosi t'a pranojë iniciativën e komunës së Kumanovës për shkak të mbajtjes së shkallës më të lartë të transparencës së procedurave të cilat vendosin mbidhënie publike elektronike të sendeve.

Bordi drejtues shqyrtoi edhe kërkesën e komunës së Rankovcës, në të cilën përmendi se komunat më të vogla do të kenë sfida serioze financiare gjatë hartimit të dokumentacionit planifikues që rrodhën nga zbatimi i Tarifës së re për hartimin e dokumentacionit planifikues urbanistik. Të pranishmit u informuan se Tarifa akoma nuk është aprovuar nga ana e Odës së arkitektëve dhe inxhinierëve, ndërsa së cilës paraprakisht pajtueshmëri jep Ministria për transport dhe lidhje. BNJVL në periudhën e kaluar pati negociata të argumentuara me Odën dhe Ministrinë me qëllim sigurimi të çmimeve më të ulëta të shërbimeve duke pasur parasysh se tarifat e larta mund të shprehen mbi buxhetet e komunave, por edhe mbi numrin e planeve të cilat mund të miratohen që do të ndërprisnin zhvillimin. Tarifa akoma nuk është miratuar pasi zhvillohet diskutim për lartësinë e kompensimeve.

Lidhur me përkrahjen e problemeve financiare të ndërmarrjeve publike në Bordin drejtues të BNJVL-së u drejtua Shoqata e ndërmarrjeve publike ADKOM që parashtroi edhe listën e propozim masave. Të pranishmit konstatuan se të gjitha problemet me të cilat ballafaqohen mdërmarrjet publike janë të mëdha dhe serioze. U përmend se BNJVL në periudhën e kaluar në Qeveri dërgoi pasqyrë të borxheve dhe gjendjen e ndërmarrjeve publike të cilat pastaj e lehtësojnë edhe mënyrën e servisimit të borxheve të tyre, konstatohet se të njëjtat nuk e paguajnë borxhin në kohë dhe nuk janë të azhurnuara. Bordi drejtues dha përkrahje kërkesave të ADKOM me propozimin që të njëjtat të ndryshohen duke pasur parasysh nga ana e organeve kompetente gjatë hartimit të dispozitave të reja. Gjithashtu Bordi drejtues rekomandoi të bëjë përpjekje për racionalizimin e shpenzimeve dhe të dalave të ndërmarrjeve publike.

## Implementimi i ndryshimit më të ri të Ligjit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale

Në seancën e Bordit drejtues u diskutua mbi ndryshimet më të reja të Ligjit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale, konform së cilit komunat kanë të drejtë të kursejnë mjete nga bllok dotacionet në arsim t'i ridedikojnë konform nevojave të komunës, veçanërisht si lehtësim të gjendjes financiare në të cilën ndodhen. Kryesisht është miratuar konkluzioni që komunat të veprojnë mbi Ligjin aktual për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale, ku është dhënë mundësia e tillë e cila do të vlejë vetëm për këtë vit dhe komunat pavarësisht duhet të vendosin për shfrytëzimin e tyre në procedurën para Këshillit të komunës. Paraprakisht është e nevojshme të merret edhe mendim nga Qeveria. Të pranishmit u informuan se Qyteti i Shkupit, komuna e Kumanovës dhe komuna e Prilepit, tashmë kanë përfunduar këtë procedurë konform Ligjit.

## ЕНЕРГЕТСКИТЕ ТРАНЗИЦИИ И НИВНИОТ ОДРАЗ ВРЗ ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА - ДИСКУСИЈА НА ЕНЕРГЕТСКИОТ САМИТ

За поттикнување на политичка волја за дејствување во насока на Европскиот зелен договор, преку имплементација на нови проекти за одржливо греење и ладење, на 17 мај 2021 година, Македонската секција на Меѓународниот центар за енергетски, водни и околински системи (SDEWES-Skopje), во соработка со ЗЕЛС, организираше Енергетски самит. Самитот се одвиваше преку онлајн комуникациска платформа со учество на општинските претставници одговорни за енергетската ефикасност, кои воедно се и членови на Мрежата за енергетика и енергетска ефикасност во рамките на ЗЕЛС, претставници од невладиниот сектор и експерти од оваа област.

### Намалување на стакленичките емисии за 50 до 60 % до 2030 година - дел од заложбите на Европскиот зелен договор

Беше посочено дека Европскиот зелен договор, меѓу другото, предвидува: постигнување на климатска неутралност до 2050 година; намалување на емисиите за 55 до 60 % до 2030; ослободување од јагленот во 20 од 28 земји на ЕУ до 2030; електрификација на транспортот; декарбонизација на греењето; нема вложување во нова фосилна инфраструктура по 2021 година. Акцискиот план за трансформација на економијата на Европската Унија во модерна, ефикасна и конкурентна економија, освен елиминирање на емисиите на стакленички гасови до 2050, предвидува и: раздвојување на спрегата помеѓу

## TRANZICIONET ENERGJETIKE DHE REFLEKTIMI I TYRE MBI VETËQEVERISJET LOKALE – DISKUTIM NË SAMITIN PËR ENERGJETIKË

Lidhur me nxitjen e vullnetit politik për veprim në drejtim të Marrëveshjes së gjelbër evropiane, përmes implementimit të projekteve të reja për ngrohje dhe ftohje të qëndrueshme, më 17 maj, 2021, sektori i Maqedonisë për Qendër ndërkombëtare për energjetikë, ujëra dhe sisteme ambientale (SDEWES-Skopje) në bashkëpunim me BNJVL-në organizoi „Samit për energjetikë”. Samiti u zhvillua përmes platformës komunikuese për pjesëmarrje të përfaqësuesve komunale, përgjegjës për efikasitet energjetik, të cilët njëkohësisht janë edhe anëtarë të Rrjetit për energjetikë dhe efikasitet energjetik në kuadër të BNJVL-së, së bashku me përfaqësuesit e sektorit joqeveritar dhe ekspertët nga kjo lëmi.

### Zvogëlim i emisioneve të qelqit për 50 deri më 60% gjer në vitin 2030 – një pjesë e përpjekjeve të Marrëveshjes së Gjelbër Evropiane

U përmend se Marrëveshja e Gjelbër Evropiane, mes tjerash, parashikon: Arritjen e neutralizimit klimatik deri më 2050,: Zvogëlimi i emisioneve për 55-60 % deri më 2030; Lirimi nga karboni në 20 nga 28 vendet e BE-së deri më 2030; Elektrifikimi i transportit; Dekarbonizimi i ngrohjes; Nuk ka investim në infrastrukturën e re fosilore pas 2021. Plani aksional për transformim të ekonomisë të Bashkimit Evropian në ekonominë moderne, efikase dhe konkurrente, përveç eliminimit të emisioneve të gazrave qelqore deri më 2050, parashikon edhe: Ndarjen e bashkimit të rritjes ekonomike dhe shfrytëzimin e resurseve, si dhe Investimi i teknologjive



економскиот раст и користењето на ресурси, како и инвестирање во еколошки прифатливи технологии; поддршка на иновации во индустријата; искористување на почисти, поевтини и поздрави форми на приватен и јавен транспорт; декарбонизирање на енергетскиот сектор; подобрување на енергетската ефикасност во зградите; работа со меѓународни партнери за подобрување на глобалните еколошки стандарди. Учесниците беа информирани за новата европска регулатива и нејзиното влијание врз националното законодавство и беа посочени поголем број на стратегиски документи преку кои се проектира остварувањето на целите. За време на настанот беа споделени клучните предизвици со коишто се соочува светот од аспект на енергетската транзиција, со осврт на нивните рефлексии врз локалната самоуправа.

## Економски и инвестициски план за Западен Балкан, усвоен на 6 октомври 2020 година од Европската комисија

Присутните беа информирани дека на 6 октомври 2020 година, Европската комисија го усвои Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан во кој се утврдени: економскиот развој; одржливиот транспорт и енергетската поврзаност; зелена и дигитална трансформација; конкурентност на приватниот сектор; поддршка за здравството, образованието и социјалната заштита и младинска гаранција за работни можности. Во него се утврдени десет водилки и тоа: 1. поврзување на исток и запад; 2. поврзување на север и југ; 3. поврзување на крајбрежни региони; 4. обновливи извори на енергија; 5. транзиција кон помала зависност од јаглен; 6. бран мерки за реновирање на згради; 7. справување со отпад и отпадни води; 8. дигитална инфраструктура; 9. инвестирање во конкурентноста на приватниот сектор и 10. младинска гаранција.

## Улогата на ЕЛС во европските проекти и најновите измени во легислативата




Стана збор и за улогата на ЕЛС во европските проекти и најновите измени во легислативата, при што Љупчо Димов, претставник од Општина Карпош и претседател на Мрежата за енергетика и енергетска ефикасност во рамките на ЗЕЛС, се осврна на предизвиците во делот на енергетската ефикасност во зградите и европската стратегија за градење и ладење. Цените на различните извори на енергија треба да мотивираат изградба на енергетски ефикасни згради, да се обезбеди климатска отпорност на зградите; строго да се следат насоките за енергетските карактеристики на зградите и дизајнот на новите згради треба да биде во

ekologjike të pranueshme. Përkrahja e inovacioneve në industri; Shfrytëzimi i formave më të pastra, ekonomike dhe më të shëndetshme të transportit privat dhe publik; dekarbonizimi i sektorit energjetik; përmirësimi i efikasitetit energjetik në ndërtesa; Puna me partnerët ndërkombëtarë për përmirësimin e standardeve globale ekologjike. Pjesëmarrësit u informuan për rregullativën e re dhe ndikimin e saj mbi legjislaturën nacionale dhe u përmendën një numër i madh i dokumenteve strategjike përmes së cilave projektohet realizimi i qëllimeve. Gjatë ngjarjeve u ndanë sfida kryesore me të cilat ballafaqohet bota nga aspekti i tranzicionit energjetik, duke u përqendruar në reflektimet e tyre mbi vetëqeverisjen lokale.

## Plani ekonomik dhe investues për Ballkanin Perëndimor, u miratua më 6 tetor, 2020, nga Komisioni Evropian

Të pranishmit u informuan se më 6 tetor, 2020, Komisioni Evropian miratoi Planin ekonomik dhe investues për Ballkanin Perëndimor me të cilin janë përcaktuar; Zhvillimi ekonomik; Transporti i qëndrueshëm dhe ndërlidhja energjetike; Transformimi i gjelbër dhe digjital; Konkurrenca në sektorin privat; Përkrahja për shëndetësi, arsim dhe mbrojtje sociale dhe Garancia e të rinjve për mundësi pune. Në të janë përcaktuar dhjetë udhëzues dhe atë: 1. Lidhja e lindjes dhe perëndimit, 2. Lidhja e veriut dhe jugut; 3. Lidhja e rajoneve bregdetare 4. Burime përtëritëse të energjisë 5. Tranzicion ndaj varshmërisë më të vogël të karbonit 6. Vala e masave për renovimin e ndërtesave 7. Menaxhim me mbeturinat dhe ujërat e zeza, 8. Infrastrukturë digjitale 9. Investim në konkurrencën e sektorit privat dhe 10. Garancia për të rinjtë

## Roli i NJVL në projektet evropiane dhe ndryshimet më të reja në legjislacion




U diskutua edhe për „Rolin e NJVL në projektet evropiane dhe ndryshimet në legjislacion" ku Ljupço Dimov, përfaqësuesi i komunës së Karposhit dhe kryetar i Rrjetit të efikasitetit energjetik në kuadër të BNJVL-së, adresoi sfidat në efikasitetin e energjetik në ndërtesa dhe Strategjinë Evropiane për ndërtim dhe ftohje. Çmimet e burimeve të ndryshme të energjisë duhet të motivojnë ndërtimin

насока на циркуларната економија. Притоа, беше посочено дека улогата на единиците на локалната самоуправа треба да биде во насока на градење на локални капацитети и тимови, како и соработка со меѓународни и национални партнери и контакт со граѓаните.

Од голема важност за настанот беше да се развие дискусија околу предизвиците со коишто се соочуваат единиците на локалната самоуправа при реализација на проектите за одржливо греење и ладење. Во таа смисла беа споделени и дел од искуствата на општините кои се дел од проектот REPLACE во изминатите години, со нагласување на потребата од градење на човечки капацитети, развој на локални меѓународни партнерства и контакт со граѓаните. Беше презентирана и ГИС-алатката со чија помош може да се одредува топлинската потрошувачка на општинско ниво. Резултатите од ваквите анализи се важна основа за планирање на одржливо греење и ладење и за донесување одлуки врз база на техничките анализи во локалната самоуправа.

## Потреба за јакнење на локалните капацитети и формирање на одделенија/сектори во делот на енергетиката

На Самитот за енергетика, присутните изнесоа низа предизвици, но и предлози со кои ќе се обезбеди поголемо имплементирање на активности во единиците на локалната самоуправа, во областа на енергетските транзиции. Тие посочија дека е потребно ЕЛС да ги јакнат локалните капацитети и да формираат одделенија/сектори за енергетска ефикасност кои ќе можат да имаат сеопфатен пристап на новите предизвици од оваа област. Беше нагласена потребата, по пандемијата со КОВИД-19, повторно да се активира Мрежата за енергетика и енергетска ефикасност во рамките на ЗЕЛС, како една матична средина од каде што сериозно ќе се лобира за обезбедување на адекватни услови за спроведување на мерки и преземање на проекти за заштита на животната средина, намалување на стакленичките гасови, енергетска ефикасност и слично. Досега, Мрежата при ЗЕЛС се покажа како многу значајна за претставниците од општините, каде што, меѓу другото, се разменуваа и корисни практики што поттикнуваат поактивно зафаќање со новите предизвици за енергетска ефикасност во урбанизмот, обезбедување на енергетски сертификат на објектите и слично. Во однос на обновливите извори на енергија, односно поставување на ветерници и на фотоволтаични панели и слично, беше нагласено дека е потребна согласност од општините. Предложено беше да се направи и енергетски регистар, со квалитетни податоци. Присутните ја нагласија и потребата за формирање на посебен фонд за енергетска ефикасност од каде што општините ќе ги црпат потребните финансиски средства за реализација на активностите од оваа област .

e ndërtesave me efikasitet energjetik, për të siguruar rezistencën ndaj klimës së ndërtesave; për të ndjekur në mënyrë rigoroze udhëzimet për performancën e energjisë së ndërtesave dhe dizajni i ndërtesave të reja duhet të jetë në drejtim të ekonomisë cirkulare. U theksua se roli i njësive të vetëqeverisjes lokale duhet të jetë në drejtim të ndërtimit të kapaciteteve dhe ekipeve lokale; bashkëpunimi me partnerë ndërkombëtarë dhe nacional dhe kontakti me qytetarët.

Është mjaft e rëndësishme që ngjarje të zhvillojë diskutim lidhur me sfidat me të cilat përballen pushtetet lokale në zbatimin e projekteve për ngrohje dhe ftohje të qëndrueshme. Në atë kuptim, u shkëmbyen disa nga përvojat e komunave që janë pjesë e projektit REPLACE në vitet e kaluara, duke theksuar nevojën për ndërtimin e kapaciteteve njerëzore, zhvillimin e partneriteteve lokale ndërkombëtare dhe kontaktin me qytetarët. Gjithashtu u prezantua mjeti GIS me ndihmën e të cilit mund të përcaktohet konsumi i nxehtësisë në nivelin komunal. Rezultatet e analizave të tilla janë një bazë e rëndësishme për planifikimin e ngrohjes dhe ftohjes së qëndrueshme dhe për marrjen e vendimeve bazuar në analizat teknike në qeveritë lokale.

## Nevoja për përforcimin e kapaciteteve lokale dhe formimi i seksioneve/sektorëve në pjesën e energjetikës

Në ,,Samitin për energjetikë", të pranishmit paraqitën një sërë sfidash, por edhe propozime që do të sigurojnë zbatim më të madh të aktiviteteve në njësitë e vetëqeverisjes lokale, në fushën e tranzicionit të energjisë. Ata theksuan se është e nevojshme që NJVL-të të forcojnë kapacitetet lokale dhe të krijojnë departamente / sektorë për efikasitet energjetik që do të jenë në gjendje të kenë një qasje gjithëpërfshirëse ndaj sfidave të reja në këtë fushë. Pas pandemisë me KOVID-19, u theksua nevoja për të riaktivizuar Rrjetin për energjetikë dhe efikasitet energjetik në kuadër të BNJVL-së, ku një ambient amë do të lobojë seriozisht për sigurimin e kushteve adekuate për zbatimin e masave dhe ndërmarrjen e projekteve nga terreni të mbrojtjes së mjedisit, reduktimin e gazit serë, efikasitetin e energjisë dhe të ngjashme. Deri më tani, Rrjeti i BNJVL-së u tregua se është shumë e rëndësishme për përfaqësuesit e komunave, ku, ndër të tjera, u shkëmbyen praktika të dobishme që inkurajojnë angazhim më aktiv me sfida të reja në fushën e efikasitetit energjetik në planifikimin urban, duke siguruar certifikimin e energjisë të ndërtesave dhe të ngjashme. Në pjesën e burimeve të ripërtëritshme të energjisë, përkatësisht instalimin e mullinjve me erë dhe paneleve fotovoltaike, etj., U theksua se kërkohet pëlqimi i komunave. U propozua të bëhet një regjistër i energjisë, me të dhëna cilësore. Pjesëmarrësit gjithashtu theksuan nevojën për krijimin e një Fondi të veçantë të efikasitetit energjetik nga i cili bashkitë do të marrin fondet e nevojshme për zbatimin e aktiviteteve në këtë lëmi.



# СОСТАНОК НА ЗАЕДНИЧКИОТ КОНСУЛТАТИВЕН КОМИТЕТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И КОМИТЕТОТ НА РЕГИОНИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на региони на Европската Унија (ЗКК) по осумнаесетмесечна пауза, поради состојбите со пандемијата КОВИД-19, на 02 јуни 2021, го одржа осумнаесеттиот работен состанок. Средбата беше организирана онлајн и на неа присуствуваа градоначалници и советници од нашата земја и од земјите членки на Европската Унија, делегати на ова тело. Во рамките на првата тема за пристапниот процес на нашата земја кон европското семејство, пред присутните, во името на сите локални власти од нашата земја, се обрати претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов.

## Прогресот на пристапниот процес на нашата земја кон европското семејство

„Изминатите тринаесет години, од започнувањето на работата на ова тело, првата тема на сите состаноци е „Прогресот на пристапниот процес на нашата земја кон европското семејство". Усогласивме многу закони со европската регулатива, склучивме меѓудржавни договори со најблиските соседи, донесовме многу подзаконски акти според европските стандарди, но за жал, датум за започнување на преговорите за членство на нашата земја во Европската Унија сè уште немаме" - истакна претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов. Тој изрази надеж дека одржувањето на оваа средба може да биде позитивен сигнал и дека за неколку недели може да се случи и првата министерска конференција, кога и официјално ќе започнат преговорите за членство на РСМ во Унијата. Шилегов посочи дека засилените активности на Португалија, како земја актуелен претседавач со ЕУ, влева надеж дека дефинитивно ќе се откочат предизвиците и нашата земја конечно ќе започне со преговори за влез во Унијата.

„Она што можам да го кажам како претседател на Заедницата на сите единици на локалната самоуправа во Република Северна Македонија (ЗЕЛС) е дека нашата соработка со општините во регионот, општините од земјите членки на ЕУ, но и со општините надвор од Европа е на високо ниво при што се склучени многу збратимувања и блиска соработка, од каде црпиме бројни добри практики за успешно реализирање на добиените надлежности и обезбедување на квалитетни услуги за граѓаните. Имаме многу добри релации со општините од цел регион на Западен Балкан и многу често се посетуваме. Најголема реализација на проекти имаме со општините од Бугарија во сферата на прекуграничната соработка, користејќи ги претпристапните европски фондови" - нагласи претседателот на ЗЕЛС. На крајот од своето обраќање Шилегов апелираше за интензивна

# MBLEDHJE E KOMITETIT TË PËRBASHKËT KONSULTATIV MIDIS REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT DHE BASHKIMIT EVROPIAN NË KUADËR TË KOMITETIT TË RAJONEVE TË BE-SË

Komiteti i përbashkët konsultativ midis Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Komitetit të rajoneve në kuadër të Bashkimit Evropian (KPK) pas pauzës tetëmbëdhjetë muajshe , për shkak të gjendjeve me pandeminë KOVID -19, më 02 qershor, 2021 mbajti seancë punuese të tetëmbëdhjetën me radhë. Takimi u organizua online dhe në të morrën pjesë kryetarë të komunave dhe këshilltarë nga vendet anëtare të Bashkimit Evropian, delegatë të këtij trupi. Në kuadër të temës së parë për procesin aderues të vendit tonë në familjen evropiane, para të pranishme në emër të të gjitha pushteteve lokale nga vendi jonë, u drejtua kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov.

## Progresi i procesit aderues të vendit tonë drejt familjes evropiane

„Trembëdhjetë vitet e kaluara, nga fillimi i punës së këtij trupi, tema e parë e të gjitha mbledhjeve është progresi i procesit aderues të vendit tonë drejt familjes evropiane. Harmonizuam shumë ligje me rregullativën evropiane. Firmosëm marrëveshje ndërshtetërore me fqinjët më të afërt, miratuam shumë akte ndër-ligjore në bazë të standardeve evropiane, por për fat të keq, datë për fillimin e negociatave për anëtarësim të vendit tonë në Bashkimin Evropian, akoma nuk kemi". Këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, i cili u shpreh se ka shpresë së mbajtja e këtij takimi mund të jetë sinjal pozitiv dhe se për disa javë mund të ndodhë edhe konferenca e parë e ministrave, kur edhe zyrtarisht do të fillojnë negociatat për anëtarësim të RMV me BE-në. Shilegov përmendi se aktivitetet e përforcuara të Portugalisë, si vend kryesues aktual me BE-në, është shpresëdhënës se definitivisht do të shfrenohen sfidat dhe vendi jonë përfundimisht do të fillojë negociatat për aderim në BE.

-Atë që mund t'a them si kryetar i BNJVL-së, Bashkësia e të gjitha njësive të vetëqeverisjes lokale në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe se bashkëpunimi jonë me komunat në rajon, komunat nga vendet anëtare të BE-së, por edhe me komunat jashtë Evropës është në nivel të lartë, me ç'rast janë firmosur edhe shumë binjakëzime dhe bashkëpunim i afërt, prej ku marrim shumë praktika të mira lidhur me realizimin e kompetencave të marra dhe sigurimin e kushteve cilësore për qytetarët. Kemi shumë relacione të mira me komunat nga i mbarë rajoni i Ballkanit Perëndimor dhe shpesh vizitohemi. Realizim më të madh të projekteve kemi me komunat nga Bullgaria në sferën e bashkëpunimit ndër-kufitar, duke shfrytëzuar fondet para-aderuese evropiane" theksoi kryetari i BNJVL-së. Në fund të fjalimit të tij Shilegov apeloi për përkrahje intensive nga Komiteti i rajoneve në përpjekjet e





поддршка од Комитетот на региони во заложбите на нашата земја, во овој месец, дефинитивно да добиеме датум за отпочнување на преговори за членство во Унијата.

**ЗКК - значаен форум за стекнување искуства на патот на интегрирање на локалната власт од нашата земја во Унијата**

И министерот за локална самоуправа на РСМ, Горан Милевски, посочи дека ЗКК е значаен форум преку кој нашите општини се стекнуваат со знаење и искуство на патот на интегрирање во Унијата.

„Го преживеавме на нозе разочарувањето од одлагањето на преговорите и продолживме со несмален интензитет да работиме на реформите. Сметаме на вашата поддршка, затоа што вие знаете колку посветено работиме на градењето на европски вредности и стандарди и преку развивање на прекуграничната соработка во регионот, унапредување на политиката на регионален развој и на процесот на децентрализација на власта“ - истакна министерот Милевски. Тој ги посочи и најново донесените документи во областа на локалната самоуправа и регионален развој коишто целосно се усогласени со политиките на ЕУ: нова Стратегија за регионален развој 2021 - 2031 година, нов Закон за рамномерен регионален развој и нова Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026. Милевски истакна дека процесот на проширување на децентрализацијата се води во консултации со ЗЕЛС и со општините.

„Ќе го почитуваме ставот на локалните власти дека на општините пред сè им е потребна финансиска консолидација, стабилни и предвидливи извори на финансирање и внимателно пренесување на нови надлежности со соодветни финансиски средства“ - нагласи Милевски.

**Ставот на Комитетот на региони - сите земји од Западен Балкан да станат членки на ЕУ**

Европската комисија го препознава напредокот на Република Северна Македонија и затоа се надеваме дека меѓувладината конференција што ќе се одржи наскоро ќе биде успешна. Вашата земја напорно работеше на реформите, но тие треба да продолжат во наведените сегменти. Во придвижувањето на реформите локалната власт има важна улога, покрај онаа на централната, а важна е и улогата на граѓанскиот сектор. Поддршка од Европската Унија имаше и во претходниот период, но и за време на кризата со КОВИД-19 - истакна Дејвид Кален од Директоратот за соседска политика и проширување при Европската комисија.

Никола Доброславиќ, префект на округот Дубровник-Неретва и известител на Комитетот на региони на ЕУ, за Пакетот на проширување 2020, нагласи дека ставот на Комитетот на региони е сите земји од Западен Балкан да станат членки на ЕУ, но дека притоа мора да ги исполнат сите утврдени критериуми за проширувањето. Тој нагласи: „Изразивме целосна поддршка за Република Северна Македонија за почеток на преговори. Комитетот на региони е заинтересиран да се зајакне улогата на локалната и регионалната власт и таа да биде целосно вклучена низ целиот процес на реформи во земјата. Потребно е да се работи на подобрување на управувањето и изнаоѓање на децентрализирани модели за реформа во локалната администрација, обезбедување на директна поддршка на локалните власти со финансиски средства преку проекти, креирање на методи за збратимување со европските општини и друго“.

Пред присутните се обратија и амбасадорката, шеф на Постојаната мисија на нашата земја при Европската Унија,

vendit tonë, në këtë muaj. Republika e Maqedonisë së Veriut definitivisht do të marrim datën për fillimin e negociatave për anëtarësim në BE.

**KPK – forum i rëndësishëm për marrjen e përvojave në rrugën e integrimit të pushtetit lokal nga vendi jonë në BE**

Edhe ministri për vetëqeverisje lokale të RMV, Goran Milevski përmendi se KPK është një forum i rëndësishëm përmes së cilit komunat tona fitojnë njohuri dhe përvojë në rrugën e integrimit ne BE. - ,,E kaluam lehtë edhe dëshpërimin nga anulimi i negociatave dhe vazhduam me një intensitet të punojmë në reformat. Konsiderojmë në përkrahjen tonë, sepse ju e dini se sa me përkushtim punojnë në ndërtimin e vlerave dhe standardeve evropian dhe përmes zhvillimit të bashkëpunimit ndërkufitar në rajon, avancimi i politikës së zhvillimit rajonal dhe procesi i decentralizimit të pushtetit” theksoi ministri Milevski, i cili përmendi edhe dokumentet më të reja të miratuara në lëminë e vetëqeverisjes lokale dhe zhvillimit rajonal të cilat në tërësi janë harmonizuar me politikat e BE-së: Strategjia e re për zhvillim rajonal 2021-2031, Ligji për zhvillim rajonal dhe Programi për zhvillim të qëndrueshëm rajonal dhe decentralizim realizohet në konsultim me BNJVL-në dhe me komunat. - ,,Do të respektojmë qëndrimin e pushteteve lokale se komunave para se gjithash u është i nevojshëm konsolidim financiar, burime stabile dhe parashikuese të financimit dhe bartje me kujdes të kompetencave të reja me mjete adekuate financiare” theksoi Milevski.

**Qëndrimi i Komitetit të rajoneve – të gjitha vendet nga Ballkani Perëndimor të jenë anëtare të BE-së**

-Komisioni Evropian e pranon avancimin e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe prandaj shpresojmë se konferenca ndër-qeveritare që do të mbahet së shpejti do të jetë e suksesshme. Vendi juaj me përkushtim dhe palodhshëm punonte në reforma, por të njëjtat duhet të vazhdojmë në segmentet e shënuara. Në lëvizjen para të reformave pushteti lokal ka një rol të rëndësishëm, krahas atij qendror, ndërsa mjaft i rëndësishëm është edhe roli i sektorit civil. Përkrahje të Bashkimit Evropian pati edhe nga periudha e kaluar, por edhe gjatë krizës së KOVID. Këtë e theksoi Dejvid Kalen, nga Drejtoria për politikë fqinje dhe zgjerim, nga Komisioni Evropian.

Nikolla Dobrosllaviq, prefekt i qarkut Dubrovnik-Neretva dhe raportues i Komitetit të rajoneve në BE, lidhur me Paketën e zgjërimit 2020, theksoi se qëndrimi theksoi se qëndrimi i Komitetit të Rajoneve është që të gjitha vendet e Ballkanit Perëndimor duhet të bëhen anëtare të BE, por që ata duhet të plotësojnë të gjitha kriteret e vendosura për zgjerimin. Ai theksoi ,,Kemi shprehur mbështetjen e plotë për Republikën e Maqedonisë Veriore për fillimin e negociatave. Komiteti i Rajoneve është i interesuar në përforcimin e rolit të vetëqeverisjes lokale dhe rajonale dhe përfshirjen e tij të plotë në të gjithë procesin e reformës në vend. Nevojitet të punohet në përmirësimin e menaxhimit dhe gjetjen e modeleve të decentralizuara për reformën e administratës lokale, duke siguruar mbështetje të drejtpërdrejtë për vetëqeverisjen lokale me mjete financiare përmes projekteve, krijimin e metodave për binjakëzim me komunat evropiane dhe më shumë.

Para të pranishmëve u drejtua edhe ambasadorja, shefi i misionit të përhershëm të vendit tonë në Bashkimin Evropian,




Агнеза Руси-Поповска и претставник од Делегацијата на Европската Унија во нашата земја, Карл Цијацинти.

## Значајна е улогата на локалната власт во придвижувањето на реформите на земјата за влез во Унијата

Со Заедничкиот консултативен комитет претседаваа градоначалниците на Крива Паланка, Борјанчо Мицевски и на словенечката општина Трбовље, Јасна Габрич, која истакна дека проширувањето на Европската Унија е подеднакво важно и за Северна Македонија и за Европската Унија затоа што тоа ќе значи слободно движење и соработка на граѓаните и на институциите.

Градоначалникот на Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, најпрво им се заблагодари на своите колеги, делегати на ова тело од нашата земја, за укажаната доверба тој да биде нов копретседавач на Комитетот, а потоа даде свое видување за напредокот на нашата земја и за континуираниот развој на локалната власт. Тој истакна: „Искуствата кои ги стекнавме низ предизвиците низ кои минува децентрализацијата на власта во нашата земја, нè направија да имаме што попрецизни и појасни видување како да ја градиме и организираме иднината, па пред две години ЗЕЛС храбро иницираше ставови за промени во системот на локалната власт. Започнавме преговори со централната власт во три насоки: обезбедување на фискална децентрализација; проширување на надлежностите на ЗЕЛС и промени во организацијата на локалната власт. И навистина, започнавме сериозен дијалог, чиј тек, за жал, беше ненадејно прекинат поради соочувањата и на централно и на локално ниво со предизвиците што ни ги наметна пандемијата од КОВИД-19. Сепак, во февруари, овој процес беше откочен, дијалогот интензивно продолжува и можно е по спроведувањето на локалните избори во втората половина на октомври оваа година, да има нов начин на организирање и на финансирање на локалната власт“.

## Патеки за одржливо локално закрепнување од пандемијата КОВИД-19

Токму во делот на финансиските предизвици со кои се соочуваа локалните власти во изминатиот период, а особено во периодот на соочување со кризата со КОВИД-19, говореше претседателот на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС, Аце Коцевски, градоначалник на Општина Велес. Всушност, тоа беше и дел од дијалогот што се разви на втората тематска дебата на состанокот, со наслов „Патеки за оддржливо локално закрепнување“, кога делегатите од двете страни изнесоа бројни искуства на позитивни примери

Agneza Rusi-Popovska dhe një përfaqësues i Delegacionit të Bashkimit Evropian në vendin tonë, Karl Xhianciti.

## Është i rëndësishëm roli i pushteteve lokale në avancimin e reformave të vendit tonë për aderim në BE

Komiteti i përbashkët konsultativ u kryesua nga kryetarët e komunave të Kriva Pallankës, Borjanço Micevski dhe komunës sllovene të Tërbovlje, Jasna Gabriq, e cila theksoi se zgjerimi i BE-së është po aq i rëndësishëm për Maqedoninë e Veriut dhe Bashkimin Evropian sepse kjo do të nënkuptojë lëvizjen e lirë dhe bashkëpunimin e qytetarëve dhe institucionet.

Kryetari i komunës së Kriva Pallankës, Borjanço Micevski së pari falënderoi kolegët e tij, delegatë të këtij organi nga vendi ynë për besimin për të qenë bashkë-kryesues i ri i këtij organi, dhe pastaj dha pikëpamjen e tij për progresin e vendit tonë dhe zhvillimin e vazhdueshëm të pushtetit lokal. - ,,Përvojat që fituam përmes sfidave që po kalon decentralizimi i pushtetit në vendin tonë, na bënë të kemi pikëpamje më precize dhe të qartë se si të ndërtojmë dhe organizojmë të ardhmen. Dy vjet më parë, BNJVL me guxim nisi pikëpamjet për ndryshimet në sistemin e vetëqeverisjes lokale. Filluam negociatat me pushtetin qëndror në tre drejtime: sigurimi i decentralizimit fiskal; zgjerimi i kompetencave të NJVL-së dhe ndryshimet në organizimin e vetëqeverisjes lokale. Dhe me të vërtetë filluam një dialog serioz, rrjedha e të cilit u ndërpre përnjëherë papritmas për shkak të konfrontimeve në nivelin qendror dhe lokal me sfidat e imponuara nga ne nga pandemia KOVID-19. Sidoqoftë, në shkurt, ky proces u zhbllokua, dialogu vazhdon intensivisht dhe është e mundur që pas zgjedhjeve lokale në gjysmën e dytë të tetorit të këtij viti, të ketë një mënyrë të re të organizimit dhe financimit të vetëqeverisjes lokale.

## Rrugët për përtëritjen e qëndrueshme lokale nga pandemia KOVID -19

Pikërisht në pjesën e sfidave financiare me të cilat përballen pushtetet lokale në periudhën e kaluar dhe posaçërisht në periudhën e ballafaqimit me krizën me KOVID-19, foli Kryetari i Komisionit për financim në kuadër të BNJVL-së, Ace Kocevski, Kryetar i Komunës së Velesit. Në fakt, ishte pjesë e dialogut që zhvilloi në debatin e dytë tematik në takimin e titulluar - ,,Rrugët drejt rimëkëmbjes së qëndrueshme lokale" kur delegatët nga të dy palët prezantuan përvoja të shumta të shembujve pozitivë të trajtimit të krizës

на справување со кризата за натамошно закрепнување и развој на локалната економија.

„Последиците од пандемијата КОВИД-19 се огромни, за жал, некои и непоправливи, особено со загубата на човечки животи и нарушувањето на здравјето. Во овој период се зголемија трансферите од централната власт, што не оди во прилог на децентрализација, туку предизвикува поголема финансиска зависност. Имаме општини со блокирани сметки, зголемени долгови на општините" - посочи Аце Коцевски, кој ги наведе речиси сите активности што ги презедоа локалните власти, од кои, поголемиот дел и не се во нивна надлежност. Тој посочи дека општините издвоија сериозни финансиски средства за поддршка на населението, особено за социјално загрозените семејства: издвоија средства за купување на уреди за учениците и за училиштата, за реализирање на онлајн наставата. Во услови на намален прилив од даноци во буџетот, општините дадоа одредена поддршка и на локалната економија, но и на комуналните претпријатија кои се соочија со неплаќање на сметките од страна на голем број граѓани. Општините учествуваа и во мобилизација на населението за спроведување на вакцинацијата. Во таа насока, Коцевски ги посочи заложбите на ЗЕЛС за обезбедување на поголема финансиска стабилност; обезбедување на поголема флексибилност во пренамена на неискористените средствата од блок дотациите; обезбедување на поповолни услови за задолжување на општините при големи капитални инвестиции; обезбедување на гаранции за финансиски послабите општини.

## Изнесени позитивни искуства за справување со кризата, за натамошно закрепнување и развој на локалната економија

На состанокот беа изнесени и бројни примери како нашите општини и општините од ЕУ се справуваат со ковид-кризата, при што беше нагласена поддршката за социјално загрозените семејства, поддршката во образовниот процес, поддршката на локалната економија преку ослободување од одредени такси и други давачки и слично. Делегатите од ЕУ ѝ посакаа на нашата земја, овој месец, конечно, да добие датум за започнување на преговори за влез во ЕУ и исто така, укажаа на потребата за интензивирање на соработка во рамките на ЗКК, во согласност со новата програма на работа на ЗКК што беше усвоена на овој состанок а, која се однесува за периодот 2021 - 2025 година.

për rimëkëmbjen dhe zhvillimin e mëtejshëm të ekonomia lokale.

,,Pasojat nga pandemia KOVID- 19 janë tejet të mëdha, por për fat të keq disa janë të pakorrigjueshme, veçanërisht me humbjen e jetëve dhe dëmtimin e shëndetit. Në këtë periudhë u rritën transferet nga pushteti lokal, që nuk është në dobi të decentralizimit, por shkakton pavarësi më të madhe finanicare. Kemi komuna me llogari të bllokuara, borxhe të rritura të komunave". Këtë e theksoi në fjalimin e tij Ace Kocevski i cili përmendi pothuaj të gjitha aktivitetet që i ndërmerr pushteti lokal, prej të cilave një pjesë e madhe nuk janë në kompetencë të tyre. Ai përmendi se komunat ndanë mjetet tejet të mëdha financiare për përkrahjen e popullatës, veçanërisht familjeve me rrezik social, ndanë mjete për përkrahje në realizimin e procesit arsimor të zhvilluar online lidhur me blerjen e mjeteve për realizimin e arsimit online. Në kushte të fluksit të zvogëluar të tatimeve në buxheti, komunat dhanë përkrahje të caktuar edhe ndaj ekonomisë lokale, por edhe ndërmarrjeve komunale, të cilat u ballafaquan me mospagesën e llogarive nga ana e një numri të madh të qytetarëve. Komunat morrën pjesë edhe në mobilizimin e popullatës lidhur me realizimin e vaksinimit. Në këtë drejtim Kocevski i përmendi përpjekjet e BNJVL-së lidhur me sigurimin e stabilitetit më të madh financiar të fleksibilitetit në zbatimin e mjeteve të pashfrytëzuara të bllok dotacioneve; për sigurimin e kushteve më të volitshme për marrjen borxh të komunave gjatë investimeve të mëdha kapitale; sigurimin e garancive për komunat më të dobëta financiarisht.

## U parashtruan përvoja pozitive për menaxhimin me krizën lidhur me përtëritjen e mëtejme dhe zhvillimin e ekonomisë lokale

Në mbledhje u parashtruan edhe një numër i madh i shembujve si komunat tona dhe komunat nga BE ballafaqohen me krizën KOVID, me ç'rast u përmend përkrahja për familjet me rrezik social, përkrahja në procesin arsimor, përkrahja e ekonomisë lokale përmes të liruarit nga taksat e caktuara dhe tatime tjera. Delegatët e BE-së vendit tonë i dëshiruan që këtë muaj të fitojë datën e fillimit të negociatave për hyrje në BE dhe gjithashtu përmendën nevojën e intensifikimit të bashkëpunimit në kuadër të KPK, konform Programit të ri të KPK që u miratua në kuadër të kësaj mbledhjeje, ndërsa që i referohet periudhës 2021 -2025.



# ЛОКАЛИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН (НАП) ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕЗОЛУЦИЈАТА НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ОН 1325: ЖЕНИТЕ, МИРОТ И БЕЗБЕДНОСТА

# LOKALIZIMI I PLANIT NACIONAL AKSIONAL (PNA) LIDHUR ME IMPLEMENTIMIN E REZOLUTËS SË KËSHILLIT TË SIGURISË TË KB 1325: FEMRAT, PAQJA DHE SIGURIA





„Локализација на Националниот акциски план (НАП) за имплементација на Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1325: Жените, мирот и безбедноста" беше тема на обуката што на 7 и на 8 јуни 2021 година, ја организираше ЗЕЛС за претставниците од општините. Беа поканети: координаторот или координаторката за родова еднаквост, лицето одговорно за управување со кризи, како и лицето одговорно за социјална заштита/соработка со невладините организации од општината. Обуката беше реализирана во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање" (2019- 2021), што ЗЕЛС го спроведува со поддршка на UN Women, а се одвиваше во просториите на тренинг центарот на ЗЕЛС, каде што беа обезбедени сите протоколарни мерки поврзани со превенција од коронавирусот.

Нашата земја, минатата година, донесе втор Национален акциски план за имплементирање на Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1325: Жените, мирот и безбедноста (2020-2025)- стратегиска рамка. Дел од имплементацијата на овој план подразбира и спроведување на активности на локално ниво. Во таа насока, присутните на обуката првенствено се запознаа со содржината на Резолуцијата и на деветте последователно донесени резолуции од оваа област; се запознаа со суштината на нејзините главни столбови; со процесот на донесување на вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1325: Жени, мир и безбедност. Од особена важност за присутните беше делот посветен на утврдувањето на карактеристичните предизвици на секоја локална власт во насока на натамошно креирање на локални политики и документи за спроведување на активностите од НАП за ефективна имплементација на Резолуцијата 1325: Жените, мирот и безбедноста.

## Резолуција 1325: Жените, мирот и безбедноста

Резолуцијата 1325: Жените, мирот и безбедноста е усвоена од Советот за безбедност на ОН на 31.10.2000 год. Со неа се истакнува важноста на рамноправното учество на жените во спречувањето на конфликтите, нивното решавање и во градењето одржлив мир (ttps://www.usip.org/gender_peacebuilding/about_UNSCR_1325). Резолуцијата 1325 третира две суштински прашања: несоодветното влијание на вооружените конфликти и војните врз жените и девојчињата, како и улогата што треба да ја имаат жените во спречувањето на конфликтите и градењето на мирот.

Резолуцијата се темели на четири главни столба. Со првиот столб се повикуваат државите да го зголемат учеството на жените на сите нивоа на донесување одлуки, во самите институции: при спречување, управување и решавање на конфликти; во мировни преговори, во мировни операции, како војници, полицајци и цивили. Во вториот столб, заложбата е да се обезбеди заштита на жените и девојките од сексуално и родово базирано насилство,

,,Lokalizimi i Planit nacional aksional (PNA) për implementimin e Rezolutës së Këshillit të Sigurimit të KB-së 1325: Femrat, paqja dhe siguria" ishte tema e trajnimit të cilin e organizoi BNJVL-ja më 7 dhe 8 qershor 2021 për përfaqësuesit e komunave. U ftuan: koordinatori dhe koordinatorja për barazi gjinore; personi përgjegjës për menaxhim me kriza, si dhe personi përgjegjës për mbrojtjen sociale/bashkëpunim me organizatat joqeveritare nga komuna. Trajnimi u realizua në kuadër të projektit ,,Drejt komunave të përgjegjshme gjinore: përforcimi i kapaciteteve komunale për politika për barazi gjinore dhe buxhetim të përgjegjshëm gjinor (2019-2021)", të cilin e zbaton BNJVL me përkrahjen e UN Women, ndërsa u zhvillua në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, ku u siguruan të gjitha masat protokollare të lidhura me parandalimin e virusit korona.

Vendi jonë e miratoi vitin e kaluar Planin e dytë nacional aksional për implementimin e Rezolutës së Këshillit të Sigurimit të KB 1325: Femrat, paqja dhe siguria (2020 – 2025), korniza strategjike. Një pjesë e implementimit të këtij plani nënkupton edhe zbatimin e aktiviteteve në nivel lokal. Në këtë drejtim, të pranishmit në trajnim u informuan në radhë të parë me përmbajtjen e kësaj Rezolute dhe nëntë rezolutave të miratuara të njëpasnjëshme të kësaj sfere; u informuan me thellësinë e shtyllave të saj kryesore; me procesin e miratimit të Planit të dytë nacional aksional për implementimin e Rezolutës të Këshillit të Sigurimit të KB-së 1325: Femrat, paqja dhe siguria. Për të pranishmit ishte shumë e rëndësishme pjesa e kushtuar përcaktimit të sfidave karakteristike të secilit pushtet lokal në drejtim të krijimit të mëtejshëm të politikave lokale dhe dokumenteve për implementimin e aktiviteteve të PNA për implementim efikas të Rezolutës 1325: Femrat, paqja dhe siguria.

## Rezoluta 1325: Femrat, paqja dhe siguria

Rezoluta 1325: Femrat, paqja dhe siguria u miratua nga Këshilli i Sigurimit të KB më 31.10.2000. Me të theksohet rëndësia e pjesëmarrjes së barabartë të femrave në parandalimin e konflikteve, zgjidhjen e konflikteve dhe ndërtimin e paqes së qëndrueshme (https://www.usip.org/gender_peacebuilding/about_UNSCR_1325). Rezoluta 1325 adreson dy çështje thelbësore: ndikimi jo përkatës i konflikteve të armatosura dhe luftërave ndaj grave dhe vajzave, si dhe roli të cilin duhet ta kenë femrat në parandalimin e konflikteve dhe ndërtimin e paqes.

Rezoluta bazohet mbi katër shtylla kryesore. Me shtyllën e parë u bëhet thirrje shteteve të rrisin pjesëmarrjen e femrave në të gjitha nivelet e vendimmarrjes, në vetë institucionet: në parandalimin, menaxhimin dhe zgjidhjen e konflikteve; në negociatat paqësore, në operacionet paqeruajtëse, si ushtarë, policë dhe civilë. Në shtyllën e dytë, zotimi është që të sigurohet një mbrojtje e femrave dhe vajzave nga dhuna seksuale dhe me bazë gjinore, duke

вклучително и во итни и хуманитарни ситуации, како што се бегалските кампови. Во третиот столб, Резолуцијата повикува да се подобрат стратегиите за интервенција при спречувањето на насилството врз жените, вклучително и со гонење на одговорните за кршење на меѓународното право; зајакнување на правата на жените според националното законодавство и поддршка на локалните мировни иницијативи на жените и процесите на решавање конфликти. Со последниот столб се повикува на унапредување на мерките за олеснување и закрепнување при решавање на меѓународните кризи преку вклучување на родовата перспектива, вклучително и со почитување на цивилната и хуманитарната природа на бегалските кампови и разгледување на потребите на жените и девојките во дизајнирањето на бегалските кампови и населби. Дел од клучните заложби се и интеграција на родовите перспективи во сите мисии преземени од Советот за безбедност и обезбедување на родова перспектива и обука во операциите на ООН за поддршка на мирот.

## Како ефективно да се имплементира Резолуцијата 1325 на локално ниво

На обуката, особено внимание беше посветено на поддршката на претставниците од локалната власт при фокусирањето на предизвиците од оваа област во насока на натамошно креирање на локални политики и документи за спроведување на активностите од НАП за ефективна имплементација на Резолуцијата 1325: Жените, мирот и безбедноста. Беше посочено на потребата од развивање на политики и преземање конкретни активности за обезбедување на поголемо вклучување на жените во процесите на донесување одлуки на сите нивоа за прашања поврзани со безбедноста на локално ниво (локални совети за превенција, кризни штабови); истакнување на потребата за спроведување на родово сензитивни обуки за претставници на локалната самоуправа, но и за претставници на воспоставените локални механизми; идентификување на безбедносните ризици на локално ниво, анализа на нивното влијание врз жените, како и улогата на жените во насока на нивно спречување (етнички конфликти; присуство на нелегално оружје; насилен екстремизам и тероризам). Исто така, беше нагласена и потребата за прецизно идентификување на проблемите (доколку се утврди дека постојат) поврзани со безбедноста на жените на локално ниво (насилство врз жени и семејно насилство; насилство врз жени и девојки во јавниот простор; трговија со луѓе). Потоа, идентификување на ризици од природни непогоди, пандемија од КОВИД-19 итн.; предвидување на мерки на локално ниво со цел примена на Резолуцијата 1325 и обезбедување на буџетски средства; воспоставување на јасни цели, индикатори и временска рамка; развој и имплементација на локални акциски планови и друго.

На обуката беше поканета и претставничка од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, член на Работната група за изработка на НАП која, меѓу другото, изнесе и конкретни примери на заложби што Министерството ги реализира во насока на ефективно имплементирање на оваа резолуција на ОН и обезбедувањето на поголема вклученост на жените во редовите на Министерството.

Од дискусијата произлегоа и одредени препораки во насока на ефикасно спроведување на Резолуцијата 1325. Беше посочено на потребата за спроведување на широка национална кампања за промоција на Националниот акциски план (НАП) и можност за учество во креирање на локалните планови за спроведување на Резолуцијата; потоа, подобрување на механизмите за мониторинг и евалуација на нејзиното спроведување; преглед на акциските планови преку годишни состаноци; обезбедување на механизам за координација и комуникација во рамките на меѓуминистерската работна група за имплементација. Исто така, беше посочено и на потребата од дополнително унапредување и промовирање на жените во рамките на институциите; спроведување на родова анализа и собирање на податоци расчленети според пол, од страна на државни и локални институции; зголемување на пристапот на податоци и анализи, подобрување на прашања поврзани со мирот и безбедноста и друго.

përfshirë edhe në situatat emergjente dhe humanitare, siç janë kampet e refugjatëve. Në shtyllën e tretë, Rezoluta bën thirrje për përmirësimin e strategjive të ndërhyrjes në parandalimin e dhunës ndaj femrave, duke përfshirë edhe ndjekjen penale të personave që janë përgjegjës për shkeljet e së drejtës ndërkombëtare; përforcimin e të drejtave të femrave sipas legjislacionit kombëtar; dhe mbështetjen e nismave lokale paqësore të femrave dhe proceseve të zgjidhjes së konflikteve. Me shtyllën e fundit bëhet thirrje për avancimin e masave të lehtësimit dhe rimëkëmbjes për zgjidhjen e krizave ndërkombëtare përmes përfshirjes së perspektivës gjinore, duke përfshirë edhe respektimin e natyrës civile dhe humanitare të kampeve të refugjatëve dhe shqyrtimin e nevojave të femrave dhe vajzave në dizajnimin e kampeve të refugjatëve dhe lagjeve. Një pjesë e zotimeve kryesore është edhe integrimi i perspektivave gjinore në të gjitha misionet e ndërmarra nga ana e Këshillit të Sigurimit dhe sigurimi i një perspektive gjinore dhe trajnimi në operacionet e OKB-së për mbështetjen e paqes.

## Si të implementohet Rezoluta 1325 në mënyrë efektive në nivel lokal

Në trajnim, një vëmendje e veçantë iu kushtua mbështetjes së përfaqësuesve të pushtetit lokal gjatë fokusimit të sfidave të kësaj sfere në drejtim të krijimit të mëtejshëm të politikave lokale dhe dokumenteve për implementimin e aktiviteteve të PNA-së për implementimin efektiv të Rezolutës 1325: Femrat, paqja dhe siguria. U theksua nevoja për zhvillimin e politikave dhe ndërmarrjen e aktiviteteve konkrete për t'u siguruar një përfshirje më e madhe e femrave në proceset e vendimmarrjes në të gjitha nivelet për çështje të lidhura me sigurinë në nivel lokal (këshilla lokalë për parandalim, shtabe të krizave); theksimi i nevojës për zbatimin e trajnimeve të ndjeshme ndaj gjinisë për përfaqësuesit e vetëqeverisjes lokale, por edhe për përfaqësuesit e mekanizmave të krijuar lokalë; identifikimi i rreziqeve të sigurisë në nivel lokal, analiza e ndikimit të tyre ndaj femrave, si dhe roli i femrave në drejtim të parandalimit të të njëjtave (konfliktet etnike; prania e armëve ilegale; ekstremizmi i dhunshëm dhe terrorizmi). U theksua gjithashtu edhe nevoja për identifikim të saktë të problemeve (nëse konstatohet se ekzistojnë ato) të lidhura me sigurinë e femrave në nivel lokal (dhuna ndaj femrave dhe dhuna në familje; dhuna ndaj grave dhe vajzave në hapësirën publike; tregtia me njerëz). Pastaj, identifikimi i rreziqeve të fatkeqësive natyrore, pandemia nga KOVID-19 etj.; parashikimi i masave në nivel lokal me qëllim të zbatimit të Rezolutës 1325 dhe sigurimi i mjeteve buxhetore; vendosja e objektivave të qarta, indikatorëve dhe kornizës kohore; zhvillimi dhe implementimi i planeve lokale aksionale dhe të tjera.

Në trajnim u ftua edhe një përfaqësuese nga Ministria për mbrojtje të Republikës së Maqedonisë së Veriut, anëtare e grupit punues për hartim të PNA, që mes tjerash, prezantoi edhe shembuj konkretë përpjekjesh të cilat i realizon kjo ministri në drejtim të implementimit efektiv të kësaj rezolute të KB dhe sigurimit të një përfshirjeje më të madhe të femrave në radhët e kësaj ministrie.

Nga diskutimi dolën edhe rekomandime të caktuara në drejtim të zbatimit efikas të Rezolutës 1325. U theksua nevoja për zbatimin e një fushate të gjerë kombëtare për promovim të Planit nacional aksional (PKA) dhe mundësi për pjesëmarrje në krijimin e planeve lokale për zbatimin e Rezolutës. Përmirësim i mekanizmave të monitorimit dhe vlerësimit të zbatimit të saj; rishikim i planeve aksionare përmes mbajtjes së mbledhjeve vjetore; sigurim i një mekanizmi për koordinim dhe komunikim në kuadër të Grupit punues ndërministror për implementim. U theksua gjithashtu edhe nevoja për një avancim shtesë dhe promovim të femrave në kuadër të institucioneve; zbatim të analizës gjinore dhe grumbullim të të dhënave të ndara sipas gjinisë nga ana e institucioneve shtetërore dhe atyre lokale; rritje të qasjes së të dhënave dhe analizave, përmirësim të çështjeve të lidhura me paqen dhe sigurinë dhe të tjera.

## ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ПРЕДИЗБОРНИОТ ПЕРИОД НИЗ ПРИЗМАТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ

Имајќи го предвид одржувањето на претстојните локални избори, некаде во втората половина на октомври, оваа година, УНДП и ЗЕЛС иницираа организирање на работилница на тема „Говорот на омраза во предизборниот период низ призмата на родовата еднаквост и меѓуетничките односи“. Работилницата се одржа на 17 јуни 2021 година, во Скопје, во присуство на претседателите и претседателките на општинските совети и на комисиите за еднакви можности од 12 единици на локалната самоуправа, како и на членовите на тематските групи, на општински советници и претставници на партнерските општини вклучени во проектот „Зајакнување на општинските совети“. Овој проект го спроведува УНДП, со поддршка на ЗЕЛС, на Министерството за локална самоуправа (МЛС) и на Здружението на финансиски работници (ЗФР), а е финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ).

На работилницата беше истакната клучната улога на локалната самоуправа во креирањето услови за слободна дебата и размена на мислења помеѓу сите чинители што ќе бидат вклучени во претстојниот предизборен процес. Присутните посочија дека родово базираниот говор на омраза е една од главните причини што ги обесхрабрува жените политички да се активираат и да бидат кандидатки за јавни функции. Досегашните искуства покажуваат дека политичарките многу почесто се цел на говор на омраза, што се изнесува и на традиционалните и на социјалните медиуми, како и на јавните настапи на политичките ривали и при водење политички кампањи. Освен родово базираниот говор на омраза, беше нагласен и говорот на омраза на етничка основа. Експертите и присутните споделија одредени искуства и начини преку кои општинските совети и локалните институции можат да ги намалат овие два вида говор на омраза.

Во фокусот беше ставен говорот на омраза на социјалните медиуми, како најзастапена форма, особено во предизборниот период. Започнува со стереотипни коментари и етикетирања, а многу често завршува со вербални, па дури и со физички закани и демнења. Беа изнесени одредени идеи и предлози за спречување или справување со случаите на говор на омраза. Како можност, беше посочено дека тонот на толеранција треба да произлегува од Советот на општината или од комисиите за родова еднаквост во насока на создавање поволна средина за успешно одвивање на локалните избори. Исто така, беше потенцирано дека секој говор на омраза изнесен во медиумите, неопходно е да биде пријавуван во Советот за етика во медиумите и во Советот на честа на ЗНМ, а заканите за насилство задолжително да се пријавуваат во Министерството за внатрешни работи.

## GJUHA E URREJTJES NË PERIUDHËN PARAZGJEDHORE PËRMES PRIZMËS SË BARAZISË GJINORE DHE MARRËDHËNIEVE NDËRETNIKE

Duke pasur parasysh mbajtjen e zgjedhjeve të ardhshme lokale, diku në gjysmën e dytë të muajit tetor, të këtij viti, UNDP dhe BNJVL iniciuan organizimin e punëtorisë me temë ,,Gjuha e urrejtjes në periudhën parazgjedhore nën prizmën e barazisë gjinore dhe marrëdhënieve ndëretnike”. Punëtoria u mbajt më 17 qershor, 2021, në Shkup në praninë e kryetarëve dhe kryetareve të këshillave komunale dhe komisionet për mundësi të barabarta nga 12 njësi të vetëqeverisjes lokale, si dhe anëtarët e grupeve tematike të këshilltarëve dhe përfaqësuesve të komunave partnere, të përfshira në projektin ,,Përforcim i kapaciteteve komunale”. Ky projekt zbatohet në UNDP, me përkrahjen e BNJVL-së, Ministrisë për vetëqeverisje lokale (MLV) dhe të Shoqata e punonjësve financiarë (SHPF), ndërsa është financuar nga Agjensioni zviceran për zhvillim dhe bashkëpunim (SDC) .

Në punëtori u theksua roli kyç i vetëqeverisjes lokale në krijimin e kushteve për debat të lirë dhe shkëmbim të mendimeve midis faktorëve të cilët do të përfshihen në procesin parazgjedhor. Të pranishmit përmendën se gjuha e urrejtjes në bazë gjinore është një ndër arsyet kryesore që i dekurajon femrat të aktivizohen në politikë dhe të jenë kandidate për funksionet publike. Përvojat e deritanishme tregojnë se femrat në politikë shumë më shpesh janë objekt i gjuhës së urrejtjes që paraqitet edhe në mediat tradicionale dhe sociale si dhe në ngjarjet publike të rivalëve politikë në fushatat zgjedhore. Përveç gjuhës së urrejtjes të në bazë gjinore, u përmend edhe gjuha e urrejtjes në bazë etnike. Ekspertët dhe të pranishmit ndanë përvoja të caktuara dhe mënyra përmes së cilave këshillat komunale dhe institucionet lokale mund t’i zvogëlojnë edhe këto dy lloje të gjuhës së urrejtjes.

Në fokus u vendos gjuha e urrejtjes në mediat sociale, si formë më e përfaqësuar veçanërisht në periudhën parazgjedhore. Fillojnë komentet e stereotipizuara dhe etiketimet, ndërsa shumë më shpesh përfundon me kërcënime verbale e deri në ato fizike. U përmendën ide të caktuara dhe propozime për parandalimin dhe menaxhimin me rastet e gjuhës së urrejtjes. Si mundësi u përmend se toni i jo tolerancës duhet të rrjedh nga Këshilli i komunave ose nga komisionet për barazi gjinore në drejtim krijimi të mjedisit të volitshëm për zhvillim të suksesshëm të zgjedhjeve lokale. Gjithashtu u potencua se çdo gjuhë e urrejtjes e përfshirë në media, domosdoshmërisht të paraqitet në Këshillin e etikës në mediat dhe në Këshillin e nderit të SHGM, ndërsa kërcënimet për dhunë detyrimisht të paraqiten në Ministrinë për punë të brendshme.



## ЈАКНЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ПРИНЦИПОТ „НИКОЈ ДА НЕ БИДЕ ИЗОСТАВЕН“

„Локализирање на Целите за одржлив развој“ беше темата на четирите еднодневни работилници што ги организираше ЗЕЛС во периодот од 15 јуни до 24 јуни 2021 година, во општините: Струмица, Шуто Оризари, Битола и Кочани. На работилниците учествуваа претставници од општинската администрација и од општинските совети, како и претставници од граѓанските организации од овие единици на локална самоуправа.

Целта на работилниците беше да се зајакнат општинските капацитети во насока на интегрирање на Целите за одржлив развој и принципот „Никој да не биде изоставен“ во процесите на креирање на локалните политики. Преку примена на интерактивни методи на учење и експертска поддршка, претставниците од локалната власт во соработка со граѓанските организации, имаа можност да ги идентификуваат приоритетните цели и потцели кои се значајни за креирање на поквалитетен живот на граѓаните во секоја од овие четири општини. Присутните ги идентификуваа начините како долгорочно да се дејствува во насока на постигнување на идентификуваните цели. Се водеа плодни дискусии преку кои присутните подетално ја разбраа суштината на Агендата 2030 и на Целите за одржлив развој, како развојна рамка која дејствува во синергија.

### Општина Струмица (15 јуни 2021 година)

Претставниците на Општина Струмица избраа две приоритетни цели. Првата е цел 10: „Намалување на нееднаквоста во земјите и меѓу нив“ со потцел 10.2. *До 2030 година, јакнење и промовирање на социјалната, економска и политичка вклученост на сите, без оглед на возраста, полот, хендикепот, расата, етничката припадност, потеклото, религијата, економскиот или друг статус. Втората приоритетна цел е цел 11: „Градови и населби што се инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи“ со потцел 11.6. До 2030 година, да се намали негативното влијание врз животната средина и градовите, по глава на жител, со посебно внимание врз квалитетот на воздухот и управувањето со комуналниот и другите видови отпад.*

### Општина Шуто Оризари (16 јуни 2021 година)

Учесниците од Општина Шуто Оризари, исто така, избраа две цели, од кои првата е цел 1: „Искоренување на сиромаштијата насекаде во сите нејзини форми“ со потцел 1.4. *До 2030 година, да се осигура дека сите мажи и жени, особено сиромашните и ранливите, имаат еднакви права на економските ресурси, како и пристап до основните услуги, управување со земјиштето и други форми на сопственост, наследство, природни ресурси, соодветна нова технологија и финансиски услуги, како микрофинансирање. Втората е цел 8: „Промовирање инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите“ со потцел 8.5. До 2030 година, да се постигне целосно и интензивно вработување и пристојна работа за сите жени и мажи, вклучително и за младите и лицата со посебни потреби, како и еднаква плата за работа од ист обем.*

### Општина Битола (22 јуни 2021 година)

За претставниците на Општина Битола приоритет беа цел 9 и цел 11. Цел 9 се однесува на: „Изградба на

## PËRFORCIMI I KAPACITETEVE KOMUNALE PËR INTEGRIMIN E QËLLIMEVE PËR ZHVILLIM DHE PARIMIN „ASKUSH TË MOS NGELET I ANASHKALUAR”

„Lokalizimi i Qëllimeve për zhvillim të qëndrueshëm” ishte temë e katër punëtorive njëditore që në periudhën prej 15 qershorit deri më 24 qershor, 2021, i organizoi BNJVL në komunat: Strumicë, Shuto Orizari, Manastir dhe Koçanë. Në punëtori morrën pjesë përfaqësuesit e administratës komunale dhe këshillave komunave si dhe përfaqësuesit e vetëqeverisjes lokale.

Qëllimi i punëtorive ishte të përforcohen kapacitetet komunale në drejtim të integrimit të Qëllimeve për zhvillim të qëndrueshëm dhe parimi „Askush të mos ngelet i anashkaluar” në procesin e krijimit të politikave lokale. Përmes zbatimit të metodave interaktive të mësimit dhe përkrahjes së ekspertëve, përfaqësuesit e pushtetit lokal në bashkëpunim me organizatat civile, patën mundësi t'i identifikojnë qëllimet prioritare dhe nën-qëllimet të cilat janë të rëndësishme për krijimin e jetës më cilësore për qytetarët nga këto katër komuna. Të pranishmit i identifikuan mënyrat si në mënyrë afatgjate të veprojnë në drejtim të arritjes së qëllimeve të identifikuara. U zhvilluan diskutime frytdhënëse përmes së cilave të pranishmit më detajisht kuptuan konceptin e Agjendës 2030 dhe të Qëllimeve për zhvillim të qëndrueshëm, si kornizë zhvillimore e cila vepron në sinergji.

### Komuna e Strumicës ( 15 qershor, 2021)

Përfaqësuesit e komunës së Strumicës zgjodhën dy qëllime prioritare. I pari është qëllimi 10: „Zvogëlimi i pabarazisë në vendet dhe mes tyre” me *Nën-qëllim 10.2 – Deri më vitin 2030, përforcimi dhe promovimi i përfshirjes sociale, ekonomike dhe politike të të gjithëve, pa marrë parasysh moshës, gjinisë, handikapit, rasës, përkatësisë etnik, prejardhjes, religjionit, statusit ekonomik dhe tjetër status. Qëllimi prioritar i dytë është Qëllimi 11: „Qytetet dhe lagjet që janë inkluzive, të sigurta, rezistente dhe të qëndrueshme” me Nën-qëllimin 11.6- deri më 2030, të zvogëlohet ndikimi mbi mjedisin jetësor dhe qytetet, për kokë banori, me vëmendje të veçantë mbi cilësinë e ajrit me llojet e tjera të mbeturinave komunale.*

### Komuna Shuto Orizare (16 qershor, 2021)

Pjesëmarrësit nga komuna Shuto Orizare gjithashtu zgjodhën dy qëllime, prej të cilave qëllimi i parë „Çrrënjosja e varfërisë çdo kund në format e tyre” me Nën-qëllim *1.4 -Deri më vitin, të sigurohet se të gjithë meshkujt dhe femrat, veçanërisht kategoria e rrezikuar dhe të varfërit, patën të drejta të barabarta të resurseve ekonomike, si dhe qasja e shërbimeve kryesore, menaxhimi me tokën dhe forma tjera të pronësisë, trashëgimia, resurset natyrore, teknologji dhe shërbime financiare, si mikrofinancim. Qëllimi i dytë është Qëllimi 8: „Promovimi i rritjes ekonomike, punësimi i tërësishëm dhe produktiv dhe puna e mirë për të gjithë” me nën-qëllimin 8.5 -deri më vitin 2030, do të arrihet punësim i tërësishëm dhe i mirë për femrat dhe meshkujt, përfshirë edhe për të rinjtë me nevoja të veçanta, si dhe rroga e barabartë për punë me vëllim të njëjtë”.*

### Komuna e Manastirit (22 qershor, 2021)

Për përfaqësuesit e komunës së Manastirit ishin Qëllimi 9 dhe Qëllimi 11. Qëllimi 9 ka të bëjë me „Ndërtimin e

приспособлива инфраструктура, промовирање инклузивна и одржлива индустријализација и поттикнување иновации“ со потцел 9.1. *Развој на квалитетна, сигурна, одржлива и приспособлива инфраструктура, вклучително и регионална и прекугранична инфраструктура, за поддршка на економскиот развој и човечката благосостојба, со фокус на применлива и инфраструктура со еднаков пристап за сите. Цел 11 се однесува на: „Остварување инклузивни, безбедни, приспособливи и одржливи градови и населби“ кои се приоритет за општината со потцел 11.6. До 2030 година, да се намали негативното влијание врз животната средина и градовите, по глава на жител, со посебно внимание врз квалитетот на воздухот и управувањето со комуналниот и другите видови отпад.*

**Општина Кочани (24 јуни 2021 година)**

Претставниците на Општина Кочани ги избраа цел 3 и цел 11. „Обезбедување здрав живот и унапредување на благосостојбата на сите луѓе на секоја возраст“ е цел 3 со потцел 3.5. *Зајакнување на превенцијата и третман на злоупотребата на супстанции, вклучително злоупотребата на наркотична дрога и штетното користење на алкохол. Цел 11: „Градови и населби што се инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи“ со потцел 11.6. До 2030 година, да се намали негативното влијание врз животната средина и градовите, по глава на жител, со посебно внимание врз квалитетот на воздухот и управувањето со комуналниот и другите видови отпад.*

**Општините ги идентификуваа предизвиците и дискутираа за локалните решенија**

Здрава животна средина, чист воздух, управување со отпадот, обезбедување на еднакви можности, недискриминација, соодветна инфраструктура, здравствена заштита, достоинствена работа и благосостојбата на граѓаните се прашањата што се од приоритетно значење за заедниците во целост. Општините ги идентификуваа предизвиците и дискутираа за локалните решенија. Во сите општини беше посочено дека преку градењето консензус, а не со политичка поделеност, може да се дојде до успешна реализација на издвоените приоритети во насока на интегрирање на Целите за одржлив развој и принципот „Никој да не биде изоставен“. Единиците на локалната самоуправа, непрофитните организации, медиумите, академската заедница и сите граѓани имаат своја улога и на свој начин можат да придонесат за трансформација на заедниците кон одржливост. Преку добрите практики од партнерите од „Конект“, учесниците на работилниците се запознаа како со добра меѓусебна координација на сите наведени фактори во заедницата и со заедничка посветеност може да се постигнат поквалитетни резултати во остварувањето на зацртаните цели. Присутните изразија задоволство од она што беше презентирано на работилниците и истакнаа дека применетите методи на учење им овозможиле да ги поврзат Целите за одржлив развој со стратешките планови на општината.

Активностите се дел од проектот „Регионално учење за имплементација на Агендата 2030 во Југоисточна Европа“ кој Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС, го имплементира во соработка со општините и НВО „Конект“ и во партнерство со Мрежата на асоцијации на локални власти на Југоисточна Европа (NALAS), а поддржан од Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ).

infrastrukturës cilësore, të sigurt dhe të përshtatshme, përfshirë edhe infrastrukturën rajonale dhe ndërkufitare, për përkrahjen e zhvillimit ekonomik dhe mirëqenies njerëzore, me fokus në infrastrukturë të zbatueshme dhe me qasje të njëjtë për të gjithë. *Qëllimi 11 ka të bëjë me „Realizimin lagjeve dhe qyteteve inkluzive, të sigurta, të aftësuara dhe të qëndrueshme" me Nën-qëllim 11.6 11.6 -Deri më 2030, të zvogëlohet ndikimi negative mbi mjedisin jetësor dhe qytetet, për kokë banori, me vëmendje të veçantë mbi cilësinë e ajrit dhe menaxhim me lloje tjera të mbeturinave.*

**Komuna e Koçanit (24 qershor, 2021)**

Përfaqësuesit e komunës së Koçanit zgjodhën Qëllimin 3 dhe Qëllimin 11. ,,Sigurimi i jetës dhe avancimi i mirëqenies për të gjithë njerëzit të çdo moshe" është Qëllimi 3 me Nën-qëllimin 3.5. - ,,Përforcimi i parandalimit dhe trajtimi i keqpërdorimit të drogave narkotike dhe keqpërdorimi i alkoolit. Qëllimi 11: ,,Qytetet dhe vendbanimet që janë inkluzive, të sigurta, rezistente dhe të qëndrueshme" me Nën-qëllim *11.6 -deri më vitin 2030, të zvogëlohet ndikimi negativ mbi mjedisin jetësor dhe qytetet, për kokë banori me vëmendje të veçantë mbi cilësinë e ajrit dhe menaxhimi me mbeturinat komunale dhe lloje tjera mbeturinash.*

**Komunat i identifikojnë sfidat dhe diskutojnë për zgjidhje lokale**

Mjedisi i shëndetshëm, ajri i pastër, menaxhimi i mbeturinave, sigurimi i mundësive të barabarta, mosdiskriminimi, infrastruktura adekuate, mbrojtja shëndetësore, puna dinjitoze dhe mirëqenia e qytetarëve, janë çështje me rëndësi prioritare për bashkësitë në tërësi. Komunat identifikuan sfidat dhe diskutuan zgjidhjet lokale. Në të gjitha komunat u theksua se duke ndërtuar konsensus, jo me ndarje politike mund të arrihet realizimi i suksesshëm i prioriteteve të përcaktuara në mënyrë që të integrohen Synimet e Zhvillimit të Qëndrueshëm dhe parimi ,,Askush të mos ngelet i anashkaluar". Njësitë e vetëqeverisjes lokale, organizatat jofitimprurëse, mediat, bashkësitë akademike dhe të gjithë qytetarët kanë një rol për të luajtur dhe mund të kontribuojnë në transformimin e bashkësive drejt qëndrueshmërisë. Përmes praktikave të mira të partnerëve nga ,,Konekt", pjesëmarrësit e punëtorive u njohën me mënyrën se si me një koordinim të mirë të ndërsjellë të të gjithë faktorëve të përmendur në bashkësi dhe me angazhim të përbashkët, mund të arrihen rezultate më të mira në arritjen e qëllimeve të përcaktuara. Pjesëmarrësit u shprehën të kënaqur me atë që u prezantua në punëtori dhe vunë në dukje se metodat e zbatuara të të mësuarit u mundësuan atyre që të ndërlidhin Qëllimet për zhvillim të qëndrueshëm me planet strategjike të komunës.

Aktivitetet janë pjesë e projektit ,,Mësimi rajonal për zbatimin e agjendës 2030 në Evropën Juglindore" të cilin Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut" - BNJVL e implementon në bashkëpunim me komunat dhe OJQ ,,Konekt" dhe në partneritet me NALAS, Rrjeti i asociacioneve të pushteteve lokale të Evropës Juglindore dhe të mbështetur nga GIZ, Shoqëria Gjermane për bashkëpunim ndërkombëtar.

## Агендата 2030 содржи 17 глобални Цели за одржлив развој, во три области

Агендата 2030 е усвоена од Обединетите нации во 2015 година и таа содржи 17 глобални Цели за одржлив развој кои се базираат на три области на одржливиот развој: економски развој, социјален развој и развој на животната средина. Целите за одржлив развој не се апстрактни, туку тие се поврзани со основните потреби на луѓето за пристап до образование, пристојна работа, здравствена заштита, соодветно домување, инфраструктура, здрава животна средина итн.

Бидејќи сите Цели за одржлив развој се поврзани со надлежностите на локалната самоуправа, локалните власти, како и сите локални чинители, можат да дадат голем придонес кон нивно достигнување, преку креирање на локални политики во кои ќе бидат интегрирани целите.

## Agjenda 2030 përmban 17 Qëllime Globale për zhvillim të qëndrueshëm, në tre fusha

Agjenda 2030 u miratua nga Kombet e Bashkuara në 2015 dhe përmban 17 Qëllime Globale për zhvillim të qëndrueshëm të bazuar në tre fusha të zhvillimit të qëndrueshëm: zhvillimi ekonomik, zhvillimi shoqëror dhe zhvillimi mjedisor. Qëllimet për zhvillim të qëndrueshëm nuk janë qëllime abstrakte, por ato kanë të bëjnë me nevojat themelore të njerëzve për qasje në arsim, punë të denjë, kujdes shëndetësor, strehim adekuat, infrastrukturë, mjedis të shëndetshëm, etj.

Pasi që të gjitha Qëllimet për zhvillim të qëndrueshëm kanë të bëjnë me kompetencat e vetëqeverisjes lokale, pushtetet lokale si dhe të gjithë faktorët lokalë mund të japin një kontribut të madh në arritjen e tyre, duke krijuar politika lokale në të cilat do të integrohen Qëllimet për zhvillimi të qëndrueshëm.














ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk